

Павлинка Вељаноска

# ПРИРАЧНИК
за наставници по
# МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ
VII одделение

м-р Павлинка Вељаноска

# ПРИРАЧНИК

за наставници по

# МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

за VII одделение

ПРИРАЧНИК за наставници по МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ за VII одделение

Издавач: Биро за развој на образованието – Скопје

Уредник:
Рајмонда Незири

Автор: м-р Павлинка Вељаноска

Стручна поддршка:
м-р Мирјанче Милошевска (координатор)
Невена Бошковска
Горан Стојанов

Лектор: м-р Татјана Нанкова

Дизајн и техничко уредување: ДПТУ “СТУДЕНТСКИ СЕРВИС“ ДОО - Скопје
Година на издавање - 2025
Место на издавање - Скопје
Електронско издание

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

373.3.016:78(035)=163.3

ВЕЉАНОСКА, Павлинка
Прирачник за наставници по Музичко образование за VII одделение [Електронски извор] / Павлинка Вељаноска. - Скопје : Биро за развој на образованието, 2025

Начин на пристапување (URL): https://www.bro.gov.mk/mo7/. - Текст во ПДФ формат, 140 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 31.12.2025

ISBN 978-608-206-250-1

COBISS.MK-ID 67863813

Наставата по Музичко образование во основното образование бара интегриран пристап кој обединува стручност, педагошка подготвеност и креативност. Воведувањето на новата наставна програма за седмо одделение отвора можности за разновиден и современ пристап кон наставата, со акцент на активно учество, интердисциплинарна поврзаност и развој на музичката писменост преку слушање, изведба и креативен израз.

Овој прирачник е создаден како содржинска и методска поддршка за наставниците кои ја реализираат наставата по Музичко образование во седмо одделение. Материјалот е структуриран, но флексибилен, овозможувајќи прилагодување на содржините според условите во кои се реализира наставата и според потребите на учениците.

Прирачникот нуди јасни и концизни насоки за реализација на часот, кои се надополнети со материјалите за учење за учениците. Иако првенствено создадени како поддршка за ученичко учење, тие материјали претставуваат и дополнителен ресурс за наставниците, обезбедувајќи подлабоко разбирање и поврзување на активностите во целосен, кохерентен наставен процес.

Главните теми - „Слушање и разбирање на музиката“ и „Музичка писменост и изведбени активности“ - се разработени преку концептуални насоки кои ја поттикнуваат наставната креативност, овозможувајќи слободен избор и прилагодување на активностите според можностите и интересите на учениците.

Целта на прирачникот не е да пропише единствен модел на работа, туку да понуди инспирација, методска насока и поттик за професионален развој на наставниците, придонесувајќи кон збогатување и унапредување на музичката едукација на учениците.

*од авторката*

## Вовед во наставата по Музичко образование за VII одделение

Наставата по Музичко образование во VII одделение има значајна улога во воспитно-образовниот процес, бидејќи учениците ги продлабочуваат своите музички знаења и вештини и го развиваат својот личен, емоционален и социјален капацитет. Предметот поттикнува креативност, музичка писменост и активно слушање, овозможувајќи критичко мислење и естетско доживување.

Според Националната програма за основно образование од 2023 година, наставата се базира на современи, флексибилни и инклузивни стратегии, со акцент на активно учество преку пеење, свирење, слушање, анализа и креативно изразување. Програмата е организирана во две основни целини: „Слушање и разбирање на музиката" и „Музичка писменост и изведбени активности", кои се надополнуваат во музичкиот развој на учениците.

Периодот во VII одделение е клучен за формирање музички вкус и критичко вреднување. Учениците веќе располагаат со основни знаења за музичките елементи и можат да ги доживуваат и интерпретираат музичките содржини активно и креативно, преку создавање и аргументирање на лични ставови. Преку запознавање со различни жанрови, форми, инструменти и традиции, учениците развиваат способност за препознавање и вреднување на музичката култура, а практичните активности дополнително ја стимулираат креативноста и примената на стекнатите знаења.

## Структура на наставната програма

Наставната програма вклучува 36 часа, распределени во две тематски целини.

**Слушање и разбирање на музиката:** Запознавање со различни жанрови (класична, народна, популарна), музички форми (рондо, варијации, сложена триделна форма) и инструменти (со акцент на дувачки), како и традицијата на народните ора и танци. Учениците учат да ги препознаваат елементите на музиката, да користат соодветна терминологија и да ги аргументираат своите ставови.

**Музичка писменост и изведбени активности:** Усвојување и примена на знаења за музички скали, интервали, ритмички вредности и дигитални алатки за пишување ноти, развој на вокални и инструментални вештини преку изведба на едногласни и двогласни композиции. Двете теми се реализираат преку активно учење, со фокус на критичко размислување, креативност, соработка и самостојно изразување.

### Тема 1: Слушање и разбирање на музиката

Слушањето е активен и комплексен процес што го развива целокупниот музички развој на ученикот. Во оваа фаза учениците продлабочено ја сфаќаат музиката како културен и комуникациски феномен, формираат музички вкус и развиваат критички ставови. Наставникот ги води учениците низ активностите за слушање музика со внимателен избор на музички примери и насочени прашања кои поттикнуваат анализа и естетска рефлексија.

Фокусот е на разновидноста – од народна традиција, преку класична до популарна музика, како и запознавање со музички форми и инструменти. Наставникот користи аудио-визуелни материјали и контекстуални информации за подлабоко разбирање и вреднување.

*Музички жанрови:* Наставникот ги претставува жанровите преку примери кои учениците ги анализираат, споредуваат и вреднуваат. Препорачливо е користење на автентични снимки со контекстуални информации за подобро разбирање.

*Дувачки инструменти:* Преку аудио - визуелни материјали учениците учат да ги препознаваат и категоризираат инструментите според изглед, звучност и начин на свирење. Особено внимание се посветува на народните инструменти и нивната улога.

*Орска народна традиција:* Ората се обработуваат не само како музичко-танцова форма, туку и како социјален и културен феномен. Учениците запознаваат различни видови ора и нивната улога во македонската и регионалната традиција, со поттикнување на интеркултурна свест.

*Музички форми:* Преку слушање и анализа учениците учат да ги препознаваат структурните елементи како повторувања, контрасти и варијации. Примери од класичната музика помагаат во развој на интуитивна музичка чувствителност.

*Насочено слушање музички дела:* Наставникот ја насочува активноста за слушање музика преку прашања што поттикнуваат разбирање на карактерот, динамиката и развојот на музиката. Ова помага во развојот на музичката перцепција и самостојното изразување на ставови.

Темата „Слушање и разбирање на музиката“ претставува основа за развој на музички компетенции и културна сензитивност. Наставникот со систематски и креативен пристап овозможува учениците да развијат љубопитност, критичко размислување и самостојност во музичкото доживување и анализа.

### Тема 2: Музичка писменост и изведбени активности

Темата „Музичка писменост и изведбени активности“ го продлабочува музичкото знаење на учениците преку практична примена на нотното писмо, интонирање, изведба и музичко изразување. Наставата се фокусира на разбирање на нотниот текст како форма на комуникација, поврзувајќи теорија со вокална, инструментална и телесна експресија. Креативноста се поттикнува преку едноставна импровизација, додека индивидуалниот и колективниот израз се негуваат во контекст на музичката активност. Наставата е поставена спирално, надградувајќи и проширувајќи ги стекнатите знаења.

Наставникот применува интердисциплинарен, интерактивен и креативен методски пристап, користејќи аналитичко слушање, постепено усложнување на активностите, групна и индивидуална работа, примена на дигитални алатки за пишување на ноти, како и интеграција на музичка изведба со креативно изразување.

*Скали и интервали:* Учениците се запознаваат со молската скала a-moll (хармонски и мелодиски вид), ги воочуваат разликите преку теоретска и практична примена (пеење, свирење, аудитивно препознавање). Интервалите се учат преку звучни модели и познати мелодии, со акцент на вокална стабилност и точна интонација, постепено од прима до октава. Се препорачуваат дидактички игри и визуелни помагала за полесно учење.

*Ноти и паузи:* Продлабочување на ритмичките вредности со воведување на шеснаестини ноти и паузи. Наставата користи повторување, визуелни табели и музички задачи за да се обезбеди разбирање на траењето, звучниот ефект и графичкиот изглед. Ритамот се поврзува со движење и слушање за целосно усвојување, овозможувајќи лесно изведување и импровизација.

*Пеење и свирење:* Развивање на вокалниот опсег a–$d^2$ преку распејување и правилна техника. Свирењето на детски инструменти е насочено кон читање и изведување на нотен текст, ритмичка стабилност и соработка, со користење на диригентски знаци за контрола на темпото и динамиката. Репертоарот се избира според музичките способности и условите за работа, со вклучување на двогласни примери и сценски елементи за поголема мотивација.

*Креативно музичко изразување:* Овозможува слободна импровизација, создавање кратки музички фрази и трансформација на познати мотиви. Наставата создава атмосфера на прифаќање и охрабрување, каде учениците експериментираат без страв од грешка. Креативните активности се поврзуваат со други уметности (литература,

ликовна уметност и сл.) и се користат музички игри за развој на соработка, слушање и самодоверба.

*Апликации за пишување ноти:* Дигиталните алатки (Flat.io, Noteflight, MuseScore) се користат како поддршка за визуелизација и креативно создавање музика. Апликациите овозможуваат учениците да се изразуваат самостојно, да организираат музички идеи и да развиваат аналитички способности, спојувајќи традиционални и современи методи на учење.

Интегрираниот пристап ја поттикнува мотивацијата, развојот на музичката култура и дигиталните компетенции, овозможувајќи секој ученик да напредува според сопствените способности во инклузивна и креативна наставна средина. Истовремено, создава поттикнувачка атмосфера за учење и изразување, градејќи стабилна основа за личен развој, културна свест и способност за соработка, кои остануваат трајни вредности кои ги надминуваат рамките на наставниот процес.

## *ПРИМЕРИ ЗА ЧАСОВИ*

## МУЗИЧКИ ЖАНРОВИ

### *Содржини и поими*

Музички жанрови: класична, народна, популарна музика (класична музика, народна музика, поп, рок, боса нова, биг бенд, свинг и други жанрови на популарна музика)

### *Стандарди за оценување*

Го идентификува жанрот на слушаната музичка композиција; наведува по три примери од класична, народна и популарна музика; споредува карактеристики на различни музички жанрови во слушаните композиции; искажува и аргументира личен впечаток за композициите од различни музички жанрови; наведува примери на примената на музиката за различна намена и во различни простори и услови.

### *Воведни активности*

Часот започнува со кратка дискусија за личниот музички вкус и препознавање на жанрови преку прашања кои поттикнуваат размислување за ритам, инструменти, емоции и сл. Следи слушање на три кратки музички извадоци (класична, народна, популарна), по кои учениците го препознаваат жанрот и коментираат за карактеристиките.

### *Главни активности*

*Музички триаголник:* Учениците се делат во три групи според жанрови, ги анализираат карактеристиките на познати примери, како и контекстот на слушање.

*Музички мозаик:* Групите презентираат, следи дискусија за сличности и разлики меѓу жанровите.

*Мојата музичка сцена:* Индивидуална писмена активност каде учениците опишуваат свој омилен жанр и употреба на музиката во секојдневието.

### *Завршни активности*

Пополнување на „Мојот музички споменар“ со лични избори и доживувања. Споделување и разговор за различните вкусови со цел, поттикнување емпатија и почит кон различностите.

*Рефлексија:* Учениците размислуваат за своето искуство и учење за музичките жанрови преку писмена, усна или дигитална рефлексија (на пр. Padlet, Mentimeter). Наставникот

поставува отворени прашања за наученото, најизненадувачкиот жанр, промена во ставовите и уживањето во активностите.

*Средства:* Уред за слушање музика, проектор, визуелна поддршка, работни листови, интерактивни алатки и материјали за групна анализа и изразување.

*Следење на напредокот:* Набљудување на активно учество, точност и оригиналност во анализите, самостојност и креативност при рефлексиите и формативна повратна информација.

*(*дополнителни предлог-активности се дадени во материјалите за учење за учениците.)*

## ТОНОВИТЕ d2(ре2) и e2 (ми2)

***Содржини и поими***

Скали и интервали (тоновите d2 и e2;a-moll скала - хармонски вид, a-moll скала - мелодиски вид, повишувалка/диез, разрешувалка/бекар; интервали: прима, секунда, терца, кварта, квинта, секста, септима, октава)

***Стандарди за оценување***

Препознава и запишува во петолиние d2 и e2, повишувалка/диез и разрешувалка/бекар.

***Воведни активности***

Часот започнува со распејување со скала C-dur, при што учениците заедно со наставникот го продолжуваат опсегот до тоновите d2 и e2. Се објаснува положбата на тоновите во петолинието и разликата помеѓу прва и втора октава, со визуелна поддршка на тонски систем.

***Главни активности***

*Визуелно откривање и пишување:* Учениците на работен лист ја означуваат и заокружуваат првата и втората октава, ги препознаваат и лоцираат d2 и e2.

*Пеење и распознавање:* Заедничко пеење на тоновите од c1 до d2 со музичка придружба, воочување на појавувањето на d2 во мелодиските вежби.

*Свирење на инструменти:* во групи, со мелодиски инструменти се свират тоновите d2 и e2, поединечно и во мелодиски вежби.

*Завршни активности*

Обработка и изведба на народната песна „Билјана платно белеше“ на детски мелодиски и ритмички инструменти.

*Рефлексија:* Учениците ги довршуваат потврдните реченици кои ги креира наставникот, за новото знаење и искуство поврзано со тоновите d2 и e2.

*Средства:* Работен лист, тонски систем на проектор/табла, пијано или други мелодиски и ритмички инструменти, нотен запис.

*Следење на напредокот:* Набљудување за активно учество, проверка на работни листови, усно изразување и практична демонстрација на пеење и свирење.

## КРЕАТИВНО МУЗИЧКО ИЗРАЗУВАЊЕ

***Содржини и поими***

Креативно музичко изразување (создавање, танцување, приказни за музиката, музички импресии, музички игри, драматизација)

***Стандарди за оценување***

Учествува во заеднички креативни музички активности; парафразира одредени музички модели во сопствено креативно изразување; ги применува стекнатите знаења и умеења во индивидуално креативно музичко изразување; создава сопствени примери на креативно изразување со кои музиката се поврзува со други форми на уметничко изразување.

***Воведни активности***

Часот започнува со слушање инструментална композиција, при што учениците ја доживуваат музиката преку емоции и асоцијации, изразувајќи ги усно или писмено.

**Главни активности**

*Мојот музички свет* – Учениците се делат во групи и преку музика креираат кратка приказна, танц, пантомима или слика, со цел креативно изразување и продлабочување на доживувањето.

*Нашата музичка сцена* – Групите ги презентираат своите творечки дела и разменуваат мислења и впечатоци.

***Завршни активности***

*Јас како уметник* – Рефлексија преку пишување или дискусија за најинтересните моменти, новите сознанија и идните идеи за комбинирање на музиката со други уметности.

*Рефлексија:* Можност за користење дигитални алатки за повратна информација.

*Средства:* Уред за слушање музика, хартија, проектор, дигитални уреди.

*Следење на напредокот:* Набљудување на активно учество, точност и оригиналност во групната работа, како и креативност и самостојност.

*(*дополнителни предлог-активности се дадени во материјалите за учење за учениците.*

ИНТЕРВАЛИ

***Содржини и поими***

Скали и интервали (тоновите d2 и e2; a-moll скала - хармонски вид, a-moll скала - мелодиски вид, повишувалка/диез, разрешувалка/бекар; интервали: прима, секунда, терца, кварта, квинта, секста, септима, октава)

***Стандарди за оценување***

Ги набројува интервалите подредени по големина; Прави анализа на интервалите во запишаната мелодиска вежба и ги гради од зададен тон.

***Воведни активности***

Наставникот започнува со краток извадок од химната на нашата држава за воведување во поимот интервал – растојание помеѓу два тона. Преку дискусија и визуелна поддршка се објаснуваат основните поими и се поврзуваат со претходните знаења на учениците.

***Главни активности***

*Погоди го интервалот* – учениците слушаат и пеат различни интервали.

*Работа со работен лист* – идентификување и запишување интервали во парови или групи.

Изведба на тригласен канон „Интервали" од Ј. Хајдн – едногласно или како канон.

***Завршни активности:***

Игровно повторување преку „Брз прашалник“ и синтеза на наученото за видовите и звучноста на интервалите.

*Рефлексија:* Кратка самопроценка преку три прашања за стекнатото знаење и потребата од повторување.

*Средства:* Работен лист, проектор, мелодиски инструменти, аудио/дигитални примери, партитура, табела и ливче за рефлексија.

*Следење на напредок:* Активно учество, точност во препознавање и практична примена на интервалите, пополнет работен лист.

## ДИЕЗ И БЕКАР

***Содржини и поими***

Скали и интервали (тоновите d2 и e2;a-moll скала - хармонски вид, a-moll скала - мелодиски вид, повишувалка/диез, разрешувалка/бекар; интервали: прима, секунда, терца, кварта, квинта, секста, септима, октава)

***Стандарди за оценување***

Препознава и запишува во петолиние d2 и e2, повишувалка/диез и разрешувалка/бекар.

***Воведни активности***

Часот започнува со слушање на скалата C-dur во која тонот F е заменет со Fis. Наставникот поставува прашања за разликата во звучноста и ги воведува учениците во поимите диез и бекар. Визуелно ги прикажува знаците и го објаснува нивното влијание врз висината на тоновите.

***Главни активности***

Обработка на мелодиски вежби со диез и бекар.

Во мали групи учениците создаваат кратка мелодија со барем еден диез и еден бекар. Потоа ја свират или пеат и објаснуваат зошто ги избрале тие знаци.

***Завршни активности:***

Учениците резимираат што е диез (повишува тон за полустепен) и бекар (го враќа тонот во природна положба) и ги утврдуваат знаењата преку примери и мелодиски вежби.

*Рефлексија:* Учениците пополнуваат листата за самооценување, претходно подготвени од наставникот.

*Средства:* Нотни картички, интерактивна табла или проектор, музички инструменти, работни листови, фломастери и магнетни ноти.

*Следење на напредокот:* Активно учество, точност во препознавање и објаснување, практична примена и проверка на работните листови.

## СКАЛАТА a-moll - ХАРМОНСКИ ВИД

***Содржини и поими***

Скали и интервали (тоновите d2 и e2; a-moll скала - хармонски вид, a-moll скала - мелодиски вид, повишувалка/диез, разрешувалка/бекар; интервали: прима, секунда, терца, кварта, квинта, секста, септима, октава).

***Стандарди за оценување***

Ја запишува и споредува скалата a-moll (хармонски и мелодиски вид) и нејзините елементи.

***Воведни активности***

Часот започнува со слушање на a-moll скала - природен и хармонски вид, со насочени прашања за разликите во звучноста и карактерот. Наставникот ја претставува a-moll скала хармонски вид, посебно истакнувајќи го повишеното седмо стапало (Gis).

***Главни активности***

*Анализа и пеење на a-moll скала* - хармонски вид, со фокус на структурата и интонацијата.

*Музичка патека* – пополнување на ритмичка шема со тонови од хармонската скала.

Продолжување на мелодиска фраза, вклучувајќи го тонот Gis и презентација на резултатите.

Пеење на скалата со драмска експресија, изразувајќи различни емоции.

***Завршни активности***

Запишување на скалите во петолиние и визуелно воочување на разликите.

*Рефлексија*: Пишување на искази за впечатоците од скалата и дискусија за примена на хармонската скала во музиката.

*Средства:* Презентација или табла, аудиопримери, пијано.

*Следење на напредокот:* Набљудување на интонација, креативност, соработка и активност во текот на часот.

## СКАЛАТА a-moll - МЕЛОДИСКИ ВИД

***Содржини и поими***

Скали и интервали (тоновите d2 и e2; a-moll скала - хармонски вид, a-moll скала - мелодиски вид, повишувалка/диез, разрешувалка/бекар; интервали: прима, секунда, терца, кварта, квинта, секста, септима, октава)

***Стандарди за оценување***

Ја запишува и споредува скалата a-moll (хармонски и мелодиски вид) и нејзините елементи.

***Воведни активности***

Часот започнува со дискусија за разликите помеѓу молските скали, како вовед во мелодискиот вид, со повишување на шесто и седмо стапало при нагорно движење и враќање во природен вид при надолно движење.

***Главни активности***

Претставување на a-moll скала мелодиски вид и воочување на разликите со останатите видови на молски скали.

Пеење и свирење на мелодиски вежби во различни видови на a-moll и C-dur скала, со создавање кратки музички примери што ја покажуваат флексибилноста на мелодискиот вид.

*Музички разговор:* три групи ги изведуваат природната, хармонската и мелодиската скала, водејќи „дијалог" преку музиката за да ги доживеат нивните карактеристики.

***Завршни активности***

Сумирање и споредба на трите видови скали преку пеење и запишување на скалите во петолиние.

*Рефлексија:* Самооценување преку довршување реченици, пишување искази и дискусија за личните впечатоци.

*Средства:* Табела за споредба, аудиопримери, инструменти, дигитални алатки.

*Следење на напредокот:* Разликување на скалите, интонирање на мелодискиот вид, групна соработка и самооценување.

## НАСОЧЕНО СЛУШАЊЕ НА МУЗИЧКИ ДЕЛА

***Содржини и поими***

Насочено слушање на музички дела (наслов на делото, композитор, жанр, изведувачки состав, темпо, динамика, карактер на музиката, елементи на музичка форма).

***Стандарди за оценување***

Именува музичко дело и изразни средства со соодветни музички термини; препознава изведувачки состав и елементи на музичката форма во музичкото дело; споредува музички изразни средства, изведувачки состав и музичка форма со нејзините елементи во музичките дела; искажува и аргументира личен впечаток за музичкото дело и изведба.

***Воведни активности***

Часот започнува со разговор за пасивно и активно слушање музика, со цел, подигнување на свеста за естетско и емотивно доживување на композициите.

***Главни активности***

*Музичко бинго* – учениците ги слушаат музичките елементи и ги воочуваат во бинго табелите изработени од наставникот во печатена или дигитална форма.

*Карактер во движење* – изразување на карактерот на музиката преку телесни движења.

*Музички детективи* – во групи се анализираат темпото, формата и инструментите, потоа се презентираат заклучоците.

*Музика за мојот ден* – создавање плејлисти според расположението и моментите од денот.

*Музички инфлуенсери* – препорака за омилената композиција и образложение.

*(*детално објаснување во материјалите за учење)*

***Завршни активности:***

Се дискутира за искуството со активното слушање музика и естетското доживување. Се разговара за влијанието на музиката на менталното здравје а учениците споделуваат свои искуства од секојдневниот живот.

*Рефлексија:* Кратка дискусија преку усни одговори за активностите на часот.

*Средства:* Аудиозаписи, бинго табели, работни листови, табла, фломастери, материјали за рефлексија.

*Следење на напредокот:* Активно учество, аргументирано изразување, саморефлексија и ангажман во дискусии.

***Дополнителни методски препораки за насочено слушање музика:***

Насоченото слушање има за цел учениците свесно и со концентрација да го доживеат музичкото дело, да ги препознаат неговите елементи и емоции, и да изразат личен став или креативен одговор. Наставникот треба да обезбеди пријатна атмосфера, јасни упатства и мотивирачки воведни прашања.

*Препорачани техники:*

*Предслушателска активност* – вовед со кратка мотивација за делото и поттикнување на очекувања преку прашања и визуелна поддршка.

*Прво слушање* – фокус на општи впечатоци и чувства, со слободно изразување.

*Второ слушање* – внимание на конкретни елементи (темпо, динамика, карактер,

инструменти) и користење работни листови за забелешки.

*Трето слушање* – креативна интерпретација на емоции преку цртање, движење или дискусија.

*Дополнителни насоки:*

Почитување на темпото на усвојување кај учениците, избегнување преоптоварување.

Поттикнување самостојност и различни перцепции.

Повторено слушање на кратки фрагменти за подобро разбирање.

Отворен дијалог со прашања кои поттикнуваат размислување а не бараат точен одговор.

## ШЕСНАЕСТИНА НОТА И ПАУЗА

***Содржини и поими***

Ноти и паузи (шеснаестина нота и пауза, пунктиран ритам како осмина со точка-шеснаестина)

***Стандарди за оценување***

Слушно препознава пунктиран ритам (осмина со точка-шеснаестина); ги препознава во нотен текст сите изучени нотни вредности; изведува парлато со тактирање ритмички вежби со сите изучени нотни вредности; создава ритмички вежби со сите изучени нотни вредности.

***Воведни активности***

Часот започнува со визуелна асоцијација преку техника „грозд", каде учениците со боички или налепници го поврзуваат поимот траење на нотите со нивните вредности (цела, половина, четвртина, осмина нота и пауза). Следи ритмичка вежба со зборови (поделба на слогови) во рамномерно темпо за развивање на ритмичко чувство.

***Главни активности***

*Создавање ритмички модели* – учениците во групи составуваат и изведуваат ритмички шеми со сите изучени вредности, вклучувајќи и шеснаестина нота и пауза, со комбинирани ритмички фрази.

*Мелодиски вежби* – изведба на мелодиски вежби, придружени со ритмички или мелодиски инструменти.

***Завршни активности***

*Ритмичка игра* – препознавање вредности преку телесна перкусија и создавање сопствени ритмички „загатки“ за дешифрирање од останатите ученици.

*Рефлексија:* Учениците ги споделуваат најинтересните делови од часот и наученото.

*Средства:* Табла, боички, инструмент, хартија.

*Следење на напредокот:* Активно учество и точност во препознавањето на нотните вредности.

## РОНДО

***Содржини и поими***

Музички форми: рондо, тема со варијации, сложена триделна форма (рефрен, епизода, тема, варијација, форма АБА, марш, менует, валцер, мазурка).

***Стандарди за оценување***

Наведува елементи на рондо, тема со варијации и сложена триделна форма; разликува аудитивно основни делови на рондо, тема со варијации и сложена триделна форма; создава и објаснува шематски приказ на рондо, тема со варијации и сложена триделна форма со нивните елементи во слушаните музички примери.

***Воведни активности***

Часот започнува со разговор и потсетување на музичките форми: дводелна (А–Б) и триделна (А–Б–А), со прашања за повторување. Наставникот ја претставува формата рондо (А–Б–А–В–А) и ги поттикнува учениците да размислуваат за значењето на повторувањето на главната тема.

***Главни активности***

*Слушање со насочено внимание* – учениците ја слушаат композицијата „Фосили“ од Сен-Санс и преку работен лист ја следат формата рондо, обележувајќи ја повторувачката тема (А) и описно карактеризирајќи ги контрастните делови (Б, В).

*Музичка лента – визуелизација на формата* – со боички и форми од хартија, учениците претставуваат делови од рондо формата, со повторувачкиот дел А и контрастните делови.

*Рондо – пантомима* – во групи, учениците преку движења ја изведуваат структурата на формата: тема А - користат исти движења, а за контрастните делови – различни движења.

***Завршни активности***

Разговор за примери од животот каде нешто се повторува и заклучок за музичката форма како балансирање помеѓу познатото и новото.

*Рефлексија:* Прашања за наученото - примена и препознавање во музички примери.

*Средства:* Уред за слушање, постери, материјали за визуелна презентација.

*Следење на напредокот:* Активно учество, пополнети работни листови, креативност и самооценување.

## ТЕМА СО ВАРИЈАЦИИ

***Содржини и поими***

Музички форми: рондо, тема со варијации, сложена триделна форма (рефрен, епизода, тема, варијација, форма АБА, марш, менует, валцер, мазурка).

***Стандарди за оценување***

Наведува елементи на рондо, тема со варијации и сложена триделна форма; разликува аудитивно основни делови на рондо, тема со варијации и сложена триделна форма; создава и објаснува шематски приказ на рондо, тема со варијации и сложена триделна форма со нивните елементи во слушаните музички примери.

***Воведни активности***

Часот започнува со разговор: „Што ако една мелодија ја пееме на различен начин?" Учениците даваат примери од секојдневието, а наставникот објаснува дека ова е основа на формата тема со варијации — иста тема раскажана на нов, интересен начин.

***Главни активности***

*Слушање и препознавање варијации* – учениците слушаат тема и варијации од „Ah, vous dirai-je, Maman" од Моцарт, пополнуваат работен лист и дискутираат што останува исто, а што се менува.

*Креирање сопствена варијација* – учениците создаваат варијации на позната кратка мелодија, менувајќи темпо, ритам, динамика или начин на изведба.

*Презентација на варијации* – неколку ученици ги изведуваат своите варијации, а останатите ги препознаваат промените.

***Завршни активности***

Разговор за елементите што најчесто се менуваат и поврзување со други уметности, како илустрација и боја.

*Рефлексија:* Пополнување лист за самооценување.

*Средства:* Уред за слушање, работни листови.

*Следење на напредокот:* Активно учество, анализа, креативност при изведба и самостојно размислување.

## МУЗИЧКА ФОРМА АБА - СЛОЖЕНА ТРИДЕЛНА ФОРМА

***Содржини и поими***

Музички форми: рондо, тема со варијации, сложена триделна форма (рефрен, епизода, тема, варијација, форма АБА, марш, менует, валцер, мазурка)

***Стандарди за оценување***

Наведува елементи на рондо, тема со варијации и сложена триделна форма; разликува аудитивно основни делови на рондо, тема со варијации и сложена триделна форма; создава и објаснува шематски приказ на рондо, тема со варијации и сложена триделна форма со нивните елементи во слушаните музички примери.

***Воведни активности***

Часот започнува со интерактивно прашање за повторување на музичкиот материјал, појаснувајќи ја сложената триделна форма (А – Б – А). Наставникот објаснува дека делот А се повторува, понекогаш изменет, а делот Б е контрастен.

***Главни активности***

*Слушање со визуелна реакција* – учениците слушаат композиција со форма А – Б – А, користат картончиња во боја за секој дел, го пополнуваат дијаграмот со симболи и чувства, и ги опишуваат деловите.

*Движечка интерпретација* – со пантомима или движења, учениците ја изразуваат музичката форма со телото, со симетрични и контрастни движења.

*Музичка форма како слика* – создаваат асоцијативни цртежи за секој дел од формата користејќи бои и форми.

***Завршни активности***

Анализа на изработените визуелни материјали за музичките делови.

*Рефлексија:* Што научивме? Кој дел ти беше најинтересен?

*Средства:* Уред за слушање, материјали за цртање, интерактивна табла.

*Следење на напредокот:* Активно учество, прецизност во препознавање, вербална анализа и самооценување.

## КОМПОЗИЦИИ СО ТРИДЕЛНА СЛОЖЕНА ФОРМА

*(*се предлага содржините за менует, марш, валцер и мазурка да се обработат на два наставни часа и еден час за насочено слушање музика на кој учениците ги препознаваат и споредуваат стилските обележја на композициите.)*

***Содржини и поими***

Музички форми: рондо, тема со варијации, сложена триделна форма (рефрен, епизода, тема, варијација, форма АБА, марш, менует, валцер, мазурка).

***Стандарди за оценување***

Разликува аудитивно основни делови на рондо, тема со варијации и сложена триделна форма; споредува марш, менует, валцер и мазурка според нивните музички карактеристики (метар, ритам, темпо, форма, карактер, намена); создава и објаснува шематски приказ на рондо, тема со варијации и сложена триделна форма со нивните елементи во слушаните музички примери.

***Воведни активности***

Часот започнува со потсетување на триделната форма А–Б–А и визуелен приказ на нејзините сегменти.

***Главни активности***

Учениците слушаат различни композиции кои ја следат формата А–Б–А, при што преку работен лист ја анализираат секоја композиција според жанр, карактеристики на деловите, контраст и повторување. Наставникот ги води низ слушањето и споредбата, поттикнувајќи ја музичката перцепција и воочување на стилските разлики.

***Завршни активности:***

Систематизирање на впечатоците и заклучок дека формата А–Б–А создава музичка целина која најмногу се употребува во класичната музика. Насочување кон свесно препознавање на формата во секојдневното слушање.

*Рефлексија:* Учениците преку листа за самооценување утврдуваат за важноста на симетријата и контрастот во музичката структура.

*Средства:* Уред за слушање, проектор, работни листови.

*Следење на напредокот:* Активно учество, визуелна анализа, дискусија и самооценување.

## АПЛИКАЦИИ ЗА ПИШУВАЊЕ НОТИ

***Содржини и поими***

Апликации за пишување ноти (примена на научени поими во апликација за пишување ноти).

***Стандарди за оценување***

Препознава ознаки за висина и траење на тоновите, темпо и динамика во апликацијата за пишување ноти; објаснува за научените поими во апликацијата за пишување ноти; ја применува апликацијата за пишување ноти преку впишување на нотен текст со соодветни ознаки; создава кратки музички фрази во апликацијата за пишување ноти.

***Воведни активности***

Часот започнува со вовед за музиката како јазик и презентација на дигитални алатки за нотно пишување (MuseScore, Flat.io, NoteFlight). Учениците се организираат во парови и се подготвуваат за работа на компјутери/таблети.

***Главни активности***

Наставникот демонстрира основни функции – избор на тоналитет (C-dur), внесување ноти, паузи, тактови, темпо и динамика. Учениците создаваат сопствена мелодија од 4 такта со јасна ритмичка структура, а потоа ја уредуваат со промени во темпо, ритам или динамика. По завршување, ја преслушуваат и дополнително ја подобруваат.

***Завршни активности***

Наставникот ги насочува учениците да ги зачуваат своите композиции и, ако е можно, да ги соберат во ученичка збирка.

*Рефлексија:* Разговор за искуството со дигиталното нотирање и можности за користење.

*Средства:* Компјутери, таблети, дигитални апликации, проектор или интерактивна табла.

*Следење на напредокот:* Набљудување на активноста, самостојноста и техничкото користење на алатките, создавање на мелодија со правилна ритмичка и мелодиска структура и употреба на елементи од музичка писменост.

## НАСОКИ ЗА ИЗВЕДБЕНИ АКТИВНОСТИ

Изведбените активности во наставата по Музичко образование претставуваат суштински сегмент од практичниот музички развој на учениците. Во нив се вклучуваат обработка на песни по слух, обработка на песни по ноти и свирење на детски музички инструменти. Секоја од овие активности може да се реализира како целосна наставна содржина или како дел од наставниот час, во зависност од содржината и динамиката на работата.

***Обработка на песни по слух***

Вообичаената постапка за обработка на песни по слух започнува со кратко воведно слушање и запознавање со песната во целост, по можност со придружен визуелен или контекстуален вовед. Следи постепено учење на мелодијата, најчесто по фрази, со паралелно усвојување на текстот и ритамот. Потребно е да се поттикнува природната музикалност на учениците преку повторување, имитација и заедничко изведување.

***Обработка на песни по ноти***

Овој вид обработка бара претходно запознавање со нотниот запис на соодветно ниво за учениците. Наставниот процес обично започнува со читање на нотниот текст, идентификација на ритмичките и мелодиските елементи и нивно вежбање. Потоа следи целосно изведување на композицијата, со постепено интегрирање на изразните елементи (динамика, фразирање, темпо).

***Свирење на детски музички инструменти***

При изведбата на композиции со детски музички инструменти, вообичаената постапка вклучува запознавање со инструментите, нивните звучни можности и правилна техника на свирење. Кај аранжманите за детски инструменти нема задолжителни назнаки за распределба на инструментите - наставникот ја прилагодува инструменталната поделба според условите за работа, достапноста на инструментите и способностите на учениците.

***Дополнителни активности***

Во сите горенаведени видови изведбени активности можат да се вклучат и креативни дополнувања, како што се: цртање или визуелна интерпретација на музичката содржина; танцување или креирање на едноставна сценска кореографија; драматизација или раскажување на приказна поврзана со песната; симболични активности за поттикнување на меѓуетничка интеграција, како што е заедничко изведување на песни од различни културни традиции и сл.

Со ваков пристап, наставникот обезбедува балансирано музичко образование кое ги обединува слушањето, изведбата, творештвото и меѓусебното почитување.

## ДУВАЧКИ ИНСТРУМЕНТИ

***Содржини и поими:***

Дувачки инструменти (дрвени дувачки инструменти: флејта, пиколо, обоа, англиски рог, кларинет, бас-кларинет, саксофон, фагот, контрафагот; лимени дувачки инструменти: хорна, труба, тромбон, туба; дувачки состави и оркестри; народни дувачки инструменти: гајда, зурла, кавал, шупелка, дудук, двојанка, дромбуља) **Стандарди за оценување:** Категоризира дувачки инструменти по звучност, изглед, начин на свирење и улога во инструментални состави.

***Воведни активности***

Слушање на фрагмент од „Болеро" – Морис Равел со акцент на делот со дрвени дувачки инструменти. Прашања за учениците: Дали препознавате некој инструмент? Какво чувство создава музиката? Дали слушате повторување на мотивот? Клучните одговори се запишуваат на табла. Наставникот најавува запознавање со дрвени дувачки инструменти и нивниот начин на создавање звук.

***Главни активности***

*Визуелна презентација:* прикажување слики и кратки аудио и видео записи за сите групи на дувачки инструменти. Објаснување за поделбата според начинот на создавање звук и според материјалот. Наставникот ги поттикнува учениците да воочат и да учествуваат со свои искази.

*Работа во парови:* Учениците треба да опишат два инструменти - начин на создавање на звукот, материјалот од кој се изработени, улогата во различни видови на оркестри, застапеност во различни жанрови. Одговорите се бележат во работен лист и се презентираат.

Препознавање преку слушање*:* Слушање на извадок од „Од Новиот свет" – А. Дворжак и „**Каков прекрасен свет**" („What a wonderful world") – Л. Армстронг. Прашања: Кој инструмент доминира? Дали е соло или оркестарски звук?

***Завршни активности***

*Игра со опис:* Наставникот чита опис, без да го каже називот на инструментот, а учениците погодуваат за кој инструмент се работи.

Техника: Знам, сакам да знам, учам (дополнета*)* - работен лист

*Рефлексија:* Прашања: Што научив? Што ми беше интересно? Што друго сакам да дознам?

*Средства:* Компјутер, уред за слушање музика, проектор, пауер поинт-презентација, работни листови, табла и маркери.

*Следење на напредокот:* активно учество, пополнети работни листови, точни одговори во играта, способност за препознавање и класификација на инструментите.

## ДРВЕНИ ДУВАЧКИ ИНСТРУМЕНТИ СО СЛОБОДЕН ОТВОР

***Содржини и поими:***

Дувачки инструменти (дрвени дувачки инструменти: флејта, пиколо, обоа, англиски рог, кларинет, бас-кларинет, саксофон, фагот, контрафагот; лимени дувачки инструменти: хорна, труба, тромбон, туба; дувачки состави и оркестри; народни дувачки инструменти: гајда, зурла, кавал, шупелка, дудук, двојанка, дромбуља) Стандарди за оценување: Категоризира дувачки инструменти по звучност, изглед, начин на свирење и улога во инструментални состави; Опишува дувачки инструменти по материјалот на изработка, изглед и улога во инструментални состави.

***Воведни активности***

Слушање на композицијата „Бадинера" – Ј. С. Бах, со истакната улога на флејтата. Учениците го опишуваат звукот преку Бура на идеи (мек, продорен, лесен, мелодичен). Наставникот најавува запознавање со флејта и пиколо.

***Главни активности***

Презентација со аудио/видеопримери: флејта - потекло, изглед, слободен отвор, примена, културни варијанти; пиколо - најмал дрвен дувачки инструмент, највисоки тонови, примена во композиции, имитации на звуци. Учениците се поттикнуваат сами да ги воочат карактеристиките, а наставникот дополнува.

*Слушање и споредба:* „Светулки" – Х. Бифтинк (пиколо), споредено со „Бадинера" – разлики во боја на звукот и висина на тоновите.

*Работа во парови:* пополнување Табела со поими за флејта и пиколо (во која група припаѓаат, начин на свирење, примена, звук).

***Завршни активности***

*Креативна задача:* опишување или цртање на флејтата и пиколото како ликови со карактерни особини. **Вен дијаграм** за флејта и пиколо.

*Рефлексија:* Прашања - Како се добива звукот кај флејтата и пиколото? Зошто флејтата спаѓа во дрвени дувачки инструменти? Каков е звукот на пиколото?

*Средства:* Компјутер, уред за слушање музика, проектор, пауер поинт-презентација, удио-записи, работни листови, табла и маркери.

*Следење на напредокот:* Активно учество, пополнета табела, креативни описи, писмена рефлексија, препознавање на разлики во боја и примена.

## ДРВЕНИ ДУВАЧКИ ИНСТРУМЕНТИ СО ЕДИНЕЧНА ТРСКА (ПЛАСТИНКА

***Содржини и поими:***

Дувачки инструменти (дрвени дувачки инструменти: флејта, пиколо, обоа, англиски рог, кларинет, бас кларинет, саксофон, фагот, контрафагот; лимени дувачки инструменти: хорна, труба, тромбон, туба; дувачки состави и оркестри; народни дувачки инструменти: гајда, зурла, кавал, шупелка, дудук, двојанка, дромбуља) .

*Стандарди за оценување:* Категоризира дувачки инструменти по звучност, изглед, начин на свирење и улога во инструментални состави; Опишува дувачки инструменти по материјалот на изработка, изглед и улога во инструментални состави.

***Воведни активности***

Повторување на изучените дувачки инструменти преку прашања и надоврзување на новата содржина. Слушање на композицијата **Концерт за кларинет во** *A-dur – В. А.* Моцарт. Опис на звукот преку техника Бура на идеи (мек, светол, мелодичен). Наставникот најавува запознавање со кларинет, бас кларинет и саксофон.

***Главни активности***

*Презентација со слики и аудио/видео примери:* кларинет - дрвен дувачки инструмент изработен од абонос, богат тонски опсег, симфониска, народна и џез музика; бас-кларинет - поголем од кларинетот, подлабок звук, метален завршеток; саксофон - изработен од метал, но припаѓа во групата на дрвени дувачки инструменти, топол и продорен звук; џез, поп, народна и современа музика (наставникот поставува насочувачки прашања, учениците воочуваат и даваат одговори).

*Работен лист:* вистинито/невистинито, тврдења, поврзување на инструментите со нивните карактеристики, пополнување табела за споредба.

***Завршни активности***

Слушање и препознавање: фрагменти од „Пинк Пантер“ – Х. Манчини (алт саксофон) и „Танцот на шеќерната вила“ – П. И. Чајковски (бас-кларинет); споредба на висина, боја и улога на инструментите.

*Дискусија:* заеднички карактеристики, разлики во звук и изглед, причина зошто саксофонот спаѓа во оваа група.

*Рефлексија:* Меѓусебно оценување во парови со прашања за новата содржина.

*Средства:* Компјутер, уред за слушање музика, проектор, пауер поинт-презентација , аудио-записи, работни листови, табла, маркери.

*Следење на напредокот:* Прецизност во задачите, активно учество при слушање музика, аргументирање, способност за споредба.

## ДРВЕНИ ДУВАЧКИ ИНСТРУМЕНТИ СО ЕДИНЕЧНА ТРСКА ( ПЛАСТИНКА)

*Содржини и поими:*

**Дувачки инструменти** (дрвени дувачки инструменти: флејта, пиколо, обоа, англиски рог, кларинет, бас кларинет, саксофон, фагот, контрафагот; лимени дувачки инструменти: хорна, труба, тромбон, туба; дувачки состави и оркестри; народни дувачки инструменти: гајда, зурла, кавал, шупелка, дудук, двојанка, дромбуља) Стандарди за оценување: Категоризира дувачки инструменти по звучност, изглед, начин на свирење и улога во инструментални состави; Опишува дувачки инструменти по материјалот на изработка, изглед и улога во инструментални состави.

***Воведни активности***

Визуелна презентација (слика, видео и сл.) на оркестар, воочување на дрвените дувачки инструменти, дискусија за добивање на звукот. Наставникот ги најавува инструментите обоа, англиски рог, фагот, контрафагот и ги поттикнува учениците на одговори за тоа, дали слушнале за овие инструменти.

***Главни активности***

Презентација со слики и аудио/видео примери: обоа - остар, назален, стабилен оркестарски звук; англиски рог - топол, длабок звук, солистички делови; фагот - длабочина и хумор со изразен карактер; контрафагот - најдлабок дрвен дувачки инструмент, поддршка и ефекти. Учениците одговараат на насочувачки прашања од наставникот. Наставникот дополнува со информации.

***Групна анализа:*** секоја група обработува еден инструмент (изглед, конструкција, свирење, звук, позиција во оркестарот). Кратки презентации.

***Слушање и препознавање:*** фрагменти од композиции - опис на звукот и примена во композициите.

***Завршни активности***

*Работен лист:* поврзување на инструментите со нивните карактеристики и препознавање видови усници.

*Рефлексија*: Писмени искази за најинтересен инструмент. Утврдување на содржините преку насочени прашања од страна на наставникот.

*Средства:* Компјутер, уред за слушање музика, проектор, презентација со слики и аудио, работни листови, табла и маркери.

Следење на напредокот*:* Препознавање инструменти, точност во задачите, активност во група, јасност во описите и аргументирање.

## ЛИМЕНИ ДУВАЧКИ ИНСТРУМЕНТИ

*Содржини и поими:*

**Дувачки инструменти** (дрвени дувачки инструменти: флејта, пиколо, обоа, англиски рог, кларинет, бас кларинет, саксофон, фагот, контрафагот; лимени дувачки инструменти: хорна, труба, тромбон, туба; дувачки состави и оркестри; народни дувачки инструменти: гајда, зурла, кавал, шупелка, дудук, двојанка, дромбуља) *Стандарди за оценување:* Идентификува по звучност и изглед најмалку три дрвени дувачки, три лимени дувачки и три народни дувачки инструменти; Категоризира дувачки инструменти по звучност, изглед, начин на свирење и улога во инструментални состави; Опишува дувачки инструменти по материјалот на изработка, изглед и улога во инструментални состави.

***Воведни активности***

Слушање на звучен пример*:* Извадок од „Валцер" за соло труба. Прашања за учениците: Кој инструмент го слушате? Каков е звукот на инструментот? Како се создава звукот? Наставникот најавува запознавање со лимените дувачки инструменти и нивните карактеристики.

***Главни активности***

Презентација: Прикажување слики, аудио и видео примери за: труба – јасен звук, три вентили, застапеност во различни жанрови и состави; хорна – мек тон, кружна форма, застапеност во симфониски и камерни оркестри; тромбон – драматичен звук, користење на подвижен дел-цуг; туба – најдлабок тон, басова основа, поддршка на оркестарот.

Анализа и класификација*:* Подредување на инструментите по звучните регистри; препознавање од слика и опис со еден збор за секој инструмент.

Кратка дискусија*:* зошто одредени инструменти се користат за соло изведба, а други како поддршка.

Прашања за размислување*:* Како се менува звукот? Што е важно за техниката – притисок на воздух, усник? Учениците одговараат, а наставникот дообјаснува.

***Завршна активност***

Креативна задача*:* Учениците создаваат кратки мото-пораки за секој инструмент („Труба – гласот на славата", „Туба – темелот на звукот" и сл.).

*Рефлексија:* Кој е вашиот омилен инструмент и зошто? Кој инструмент создава најдлабоки тонови? Што ново научивте за лимени дувачки инструменти?

*Средства:* Компјутер, проектор, слики, аудио-записи, работни листови, табла и маркери.

*Следење на напредокот:* активно учество во дискусија и презентации, точни одговори при препознавање на инструментите, креативни мото-пораки, способност за класификација и аргументирање на улогата на инструментите.

## ДУВАЧКИ СОСТАВИ И ОРКЕСТРИ

***Содржини и поими:***

Дувачки инструменти (дрвени дувачки инструменти: флејта, пиколо, обоа, англиски рог, кларинет, бас-кларинет, саксофон, фагот, контрафагот; лимени дувачки инструменти: хорна, труба, тромбон, туба; дувачки состави и оркестри; народни дувачки инструменти: гајда, зурла, кавал, шупелка, дудук, двојанка, дромбуља) *Стандарди за оценување:* Категоризира дувачки инструменти по звучност, изглед, начин на свирење и улога во инструментални состави; Препознава аудитивно најмалку пет дувачки инструменти во различни изведувачки состави.

***Воведни активности***

Слушање на звучни примери: замислување сцена, стил, атмосфера, доминантни инструменти. Учениците се изразуваат усно со насочени прашања од наставникот.

***Главни активности***

Информативна презентација со аудио/видео примери: камерен квинтет - индивидуална улога, прецизна комуникација; парадно-церемонијални и концертни оркестри - свеченост, маршови; симфониски оркестар - рамнотежа на дувачките со жичените инструменти; популарна музика и џез: биг-бенд, танцови оркестри.

*Класификација и споредба (во групи):* табела со категории - камерна, парадна, симфониска, џез/популарна музика.

*Критичко размислување:* „Зошто некои лимени дувачки инструменти (како хорната) се користат во комбинација и со дрвени инструменти, а некои само во лимените?"

Техника Скелетен приказ за дувачките инструменти - реченица (објаснување), фраза (мото), еден збор (синоним), симбол (цртеж), боја (расположенија и чувства).

***Завршна активност***

*Замисли оркестар:* учениците запишуваат кои дувачки инструменти би ги избрале за својот замислен оркестар и во каков стил би свиреле.

*Рефлексија:* Самооценување - Научив нов поим(и):_____. Најмногу ми се допадна: _____. Сега знам дека дувачките инструменти можат да се користат во ___________.

*Средства:* Проектор и звучници, табли за групна работа, лист за самооценување, аудио примери, табла и маркери.

*Следење на напредокот:* Класификација на состави, разбирање улоги на дувачките инструменти, активност во групи, прецизност во самооценување, поврзување стилови со инструменти.

## МУЗИЧКИ ЖАНРОВИ - **боса нова, свинг и биг бенд**

***Содржини и поими:***

*Музички жанрови:* класична, народна, популарна музика (класична музика, народна музика, поп, рок, боса нова, биг бенд, свинг и други жанрови на популарна музика)

*Стандарди за оценување:* Споредува карактеристики на различни музички жанрови во слушаните композиции; Искажува и аргументира личен впечаток за композициите од

различни музички жанрови; Наведува примери на примената на музиката за различна намена и во различни простори и услови.

***Воведни активности***

Потсетување за музички жанрови со прашања за учениците: кои жанрови досега ги изучивме, какви беа сличностите и разликите? Изработка на Вен дијаграм за различни жанрови. Учениците дискутираат. Наставникот презентира кратки звучни фрагменти и најавува нови жанрови со различни улоги на дувачките инструменти.

***Главни активности***

*Претставување на жанровите:* презентација со аудио примери – **босa-нова** – Бразил, 1950-ти, тивок вокал, самба-џез ритам, гитара, флејта, саксофон; „елегантен шепот“; **свинг** – САД, 1930-ти, разигран и танцов карактер, саксофони, труби; **биг-бенд** – САД, 12–20 музичари, саксофони, труби, тромбони; енергичен, шоу. Учениците пополнуваат кратка табела со карактеристики и улога на дувачите.

Разлика во изразот - дискусија: улогата на саксофонот во различни жанрови (интимен, разигран, дел од моќна секција/соло).

*Слушање и препознавање:* Учениците слушаат кратки фрагменти без наслов и го одредуваат жанрот според карактеристиките.

***Завршна активност***

*Креативна препорака:* Учениците избираат жанр и пишуваат препорака за пријател - зошто би му се допаднало, што ќе слушне, како ќе се почувствува. Неколку идеи се споделуваат. Учениците истражуваат на зададени теми (материјали за учење).

*Рефлексија:* Краток квиз со 3 тврдења (точно/неточно); самооценување - најмногу ми се допадна жанрот, научив нов поим(и), би сакал/а да дознам повеќе.

*Средства:* Проектор, уред за слушање музика, работен лист (табела и квиз), аудио-визуелни примери, табла и маркери.

*Следење на напредок:* Разликување на жанрови, препознавање карактеристики, активност во дискусија, слушање и препознавање, самостојно изразување впечатоци, точност на квизот.

НАРОДНИ ДУВАЧКИ ИНСТРУМЕНТИ

***Содржини и поими:***

*Дувачки инструменти* (дрвени дувачки инструменти: флејта, пиколо, обоа, англиски рог, кларинет, бас кларинет, саксофон, фагот, контрафагот; лимени дувачки инструменти: хорна, труба, тромбон, туба; дувачки состави и оркестри; народни дувачки инструменти: гајда, зурла, кавал, шупелка, дудук, двојанка, дромбуља) *Стандарди за оценување:* Идентификува по звучност и изглед најмалку три дрвени дувачки, три лимени дувачки и три народни дувачки инструменти; Опишува дувачки инструменти по материјалот на изработка, изглед и улога во инструментални состави.

**Воведни активности**

Потсетување за начини на добивање на тонот кај претходно изучените класични дувачки инструменти. Наставникот поставува прашања за насочена дискусија за народни дувачки инструменти и презентира краток аудио/видео пример со народен дувачки инструмент.

***Главни активности***

Запознавање со народните дувачки инструменти – кавал, гајда, зурла, шупелка, дудук, двојанка. Изглед, материјали, изведба, звук и улога во состави и ансамбли. Учениците следат слики или видео примери и објаснуваат со свои зборови. Наставникот дообјаснува.

Насочено слушање на изведби од македонски и други етнички заедници*:* Препознавање инструменти и дискусија за звук, израз, споредба и употреба.

*Групна работа:* секоја група истражува еден инструмент или состав и подготвува кратко усно излагање или мини-постер за следниот час.

***Завршни активности***

Синтеза преку разговор: чувства, култура и традиција. Учениците преку усно изразување дискутираат за народните инструменти - за чувствата кои ги имаат додека ги слушаат, нивната важност за културниот идентитет и продолжување на традицијата од младите генерации.

*Рефлексија:* Учениците споделуваат впечатоци. Преку кратки прашања се утврдува новата содржина.

*Средства:* Проектор, звучници, слики, аудио/видео примери, работен листови, табла и маркери.

*Следење на напредокот:* Препознавање инструменти, активно учество, точност во задачите, способност за групна анализа и презентирање, креативно доживување на инструментите.

ОРСКА НАРОДНА ТРАДИЦИЈА

*Содржини и поими:*

**Орска народна традиција** (оро, машки ора, женски ора, мешани ора, поворка, леса, соборски ора, обредни ора, машка поворка, женска поворка, свадбен циклус)

*Стандарди за оценување:* Идентификува и опишува основни карактеристики на ората и начин на изведба; Категоризира ора според изведба и намена.

***Воведни активности***

Дискусија за поврзаноста меѓу пеењето, свирењето и танцот. Прашања: Кога и зошто луѓето танцуваат со песни и со придружба на инструменти?

Техника *5:* Зошто? Почетно прашање - Зошто орото е битно за нашата традиција?

***Главни активности***

Танцот како културен израз - Учениците истражуваат за улогата на танцот во различни култури и дискутираат за неговото значење како комуникација и уметничко изразување.

Општи карактеристики на македонската орска традиција - Преглед на форма, правец на движење, држење за раце, темпо и состав - со визуелна поддршка. Дискусија за сличности и разлики со други традиции со насочени прашања од страна на наставникот.

Поделба на македонските ора (групна работа): учениците истражуваат и ги групираат ората според региони и функции.

Практична активност - Презентирање на едно оро: учениците во групи изведуваат движења - чекори, насочени од наставникот, за да почувствуваат ритам, форма и традиционална техника на играње.

***Завршна активност***

Умна мапа - Учениците создаваат умна мапа со клучни елементи на орската традиција, користејќи визуелни симболи.

*Рефлексија:* Краток писмен одговор: „Што научив и зошто е важно да се зачува орската традиција?“

*Средства:* Презентација со фотографии/видеа, работен лист за класификација, листови за умна мапа, простор за практична демонстрација.

*Следење на напредокот:* Активно учество во дискусија, точност при групирање на ора, креативност во мапата, јасна рефлексија, практична примена на движења и ритам.

## СОБОРСКИ ОРА

*Содржини и поими:*

**Орска народна традиција** (оро, машки ора, женски ора, мешани ора, поворка, леса, соборски ора, обредни ора, машка поворка, женска поворка, свадбен циклус)

*Стандарди за оценување:* Идентификува и опишува основни карактеристики на ората и начин на изведба; Категоризира ора според изведба и намена.

***Воведни активности***

Индивидуално запишување три зборови за заедништво и прослава - заедничка Бура на идеи; дискусија и класификација околу поимот „собор". Техника Петоред на тема Оро.

***Главни активности***

Презентација за соборските ора - Машки, женски и мешани ора со визуелни примери.

Анализа на едно оро - Учениците се делат во групи и анализираат едно оро - краток опис: тип, движења, симболика; презентација пред останатите ученици.

Проследување на изведба на основни чекори од мешано оро и анализа на форма - почеток, развој, завршница.

Практична активност - Учениците во групи комбинираат музика и движења, создавајќи кратка импровизирана варијанта на оро, со насоки од наставникот.

***Завршна активност***

Групна работа – постер, видео или скица: Прикажување на соборско оро со носии, движења и музика; изложба во училницата или дигитална презентација.

*Рефлексија:* Кратки одговори: Што научив? Што ми се допадна? Како музиката и играта нѐ поврзуваат?

*Средства:* Аудио-примери, презентација со фотографии, работни листови, простор за демонстрација на оро.

*Следење на напредокот:* Активно учество, точност во анализата, способност за основни движења, креативност и соработка во група, практично комбинирање на музика и движење.

ОБРЕДНИ ОРА

***Содржини и поими:*** Орска народна традиција (оро, машки ора, женски ора, мешани ора, поворка, леса, соборски ора, обредни ора, машка поворка, женска поворка, свадбен циклус)

*Стандарди за оценување:* Идентификува и опишува основни карактеристики на ората и начин на изведба; Категоризира ора според изведба и намена.

***Воведни активности***

Слушање на пример од обредно оро („Лазарки", „Русалии"); прашања - Кога се изведуваат? Симболика на движењата и маските?

Индивидуално запишување на еден збор за „обред"; Бура на идеи и групна дискусија.

***Главни активности***

Презентација на категориите обредни ора*:* машка поворка (Џоломари, Русалии, Мечкари); женска поворка (Лазарки, Ѓурѓовденки); свадбен циклус. Илустрации со фотографии, видеа или слики.

Анализа на едно обредно оро со краток опис (работа во групи)*:* време, учесници, симболика; презентација пред останатите ученици.

Кратка демонстрација или симулација на едно обредно оро: вежбање на основни чекори и движења.

***Завршна активност***

Техника „Коцка" за орска народна традиција со прилагодени рубрики од наставникот - работа во 6 групи (опиши, примени, спореди, дискутирај, асоцирај, анализирај).

*Рефлексија:* Кратко самооценување: Што научив? Што ме заинтересира најмногу? На кој начин да придонесам да се зачува традицијата на мојот народ (писмена вежба)?

*Средства:* Аудио-примери, презентација со фотографии/видеа, работни листови, простор за демонстрација.

*Следење на напредокот:* Активно учество, точност на одговорите, изведба на основни чекори, креативност и соработка во група.

ОРСКА НАРОДНА ТРАДИЦИЈА НА ЕТНИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ ВО МАКЕДОНИЈА

***Содржини и поими:***

Орска народна традиција (оро, машки ора, женски ора, мешани ора, поворка, леса, соборски ора, обредни ора, машка поворка, женска поворка, свадбен циклус).

Стандарди за оценување  Наведува сличности и разлики во ората и танците на етничките заедници во нашата земја; Наведува карактеристики на ората што се играат во соседните земји.

***Воведни активности***

Слушање на пример од традиционално оро (албанско „valle popullore“, турско „halay“); прашања: Што забележавте во движењата и облеката? Какво чувство предизвикува орото? Во мали групи, учениците запишуваат зборови поврзани со традиција, заедништво и радост; формирање заедничка листа на искази.

***Главни активности***

Презентација на орската традиција на етничките заедници: фотографии, видеа, краток опис и социјална/обредна функција.

Работни листови со описи на ора: анализирање на пригодата, симболика и учесници; групна презентација пред останатите ученици.

Дискусија за заеднички елементи: круг, држење за раце, значење на заедништвото.

Вен дијаграм: сличности и разлики помеѓу соборски и обредни ора во различни етнички заедници.

***Завршна активност***

Групна изработка на постер или дигитална презентација „Орска традиција на мојата/нашата заедница“ со фотографии, симболи и краток опис; презентација. Заедничко усвојување на движење/чекори на различни ора на етничките заедници.

*Рефлексија:* Краток прашалник: Што научи за ората на другите етнички заедници? Највпечатливи сличности/разлики? Како со ората се зајакнува заедничката култура?

*Средства:* Аудио/видео примери, презентација, работни листови, материјали за постери или дигитална изработка.

*Следење на напредокот:* Активно учество, точност на одговорите, креативност и соработка во изработка и презентација на постери.

## ПРОЕКТЕН БЛОК-МУЗИКАТА НÈ ОБЕДИНУВА

Во завршниот дел од учебната година, часовите може да бидат насочени кон проектни активности, преку кои учениците ќе ги применат стекнатите знаења и вештини во креативен и изведувачки контекст. Овие активности овозможуваат интеграција на пеење, свирење, движење и сценска изведба, при што музиката се претставува како живо уметничко искуство, а учениците ја обединуваат целата дотогашна работа, истражуваат музика од различни култури и ја прикажуваат на креативен и сценски начин.

Песните и композициите што ќе се изведуваат, а кои се предвидени во материјалите за учење, може да се обработуваат во текот на целата учебна година, според планирањето на наставникот – во рамките на еден наставен час, како дел од часот или во рамките на слободните ученички активности. Сепак, задолжително е тие да се утврдат на еден час во редовната настава, непосредно пред финалната изведба. Целта е да се постигне усогласеност и сценска подготвеност за јавен настап.

Наставникот има можност да одлучи дали песните ќе се обработуваат по слух или по ноти, во зависност од нивото на подготвеност на учениците. Во проектниот процес може да се вклучат и дополнителни уметнички сегменти – кореографија, костимографија, сценографија и визуелни симболи – со цел да се создаде целосно сценско доживување.

Овие проектни активности се дел од пошироката цел – интеркултурна размена и зближување преку музика. На тој начин, учениците ќе ја доживеат музиката не само како наставен предмет, туку и како средство за заедничко творење, културна размена и развој на креативноста.

Секој ученик треба да биде активен учесник, при што улогата ја избира според сопствените афинитети – пејач, инструменталист, танчер, сценограф, координатор или водител. Дополнително, секоја паралелка може да преземе различен сегмент (на пример, една паралелка се фокусира на инструменталната изведба, друга на танцови движења, трета на сценографијата), или пак улогите можат да се поделат според темата, така што на крајот сите делови се спојуваат во една целина. Четирите часа се распоредени на следниот начин:

**Со песна низ светот** - Пеење на светски познати песни (пеење, симболи, танцови движења, костимографија и сл.).

**Изведба на композиции со детски музички инструменти** - претходна разработка на композициите и утврдување на предложениот час.

Една земја – многу песни, многу ора: македонски народни песни и песни на другите етнички заедници (заедничка изведба на различни јазици со придружба на

инструменти, кореографија, костимографија и слично). Музички мостови (завршна приредба) – Во овој финален сегмент, учениците ќе ги презентираат резултатите од сите проектни активности на завршна интеркултурна приредба. Секој ученик веќе го знае својот сегмент – пејач, инструменталист, танчер, сценограф или координатор – и ќе го даде својот придонес во подготовката и изведбата. Главните активности вклучуваат:

Јавен настап пред училишната публика или дигитална презентација, при што секој сегмент од проектот е интегриран во целина.

Презентација на визуелни материјали – пано, постери или дигитален колаж „Музиката нè обединува".

Кратка рефлексија и дискусија по изведбата: што беше највпечатливо, што научивме за различните култури и како музиката ги зближува луѓето. Овој завршен настан претставува кулминација на проектните активности, каде учениците ја доживуваат музиката како средство за уметничко изразување, интегрирани содржини од други предмети, културна размена и заедничко творење. Покрај тоа, се развиваат сценски и организациски вештини, се поттикнува тимската работа и одговорност, и се продлабочува познавањето на културното наследство и меѓукултурната комуникација.



Павлинка Вељаноска

# МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ
## ЗА VII ОДДЕЛЕНИЕ

материјали за учење
за учениците

м-р Павлинка Вељаноска

# МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

## ЗА VII ОДДЕЛЕНИЕ

материјали за учење за учениците

Драги ученици!

Добре дојдовте во светот на музиката, каде што секој тон има своја приказна, а секоја композиција ве води на ново патување. Музиката нѐ поврзува со себеси и со другите – таа зборува кога зборовите замолкнуваат. Страниците што се наоѓаат пред вас не претставуваат почеток, туку продолжение на сѐ што сте научиле досега. Старото знаење ќе биде вашиот темел, а новите содржини ќе ви помогнат да градите повисоко, послободно и покреативно. Секоја страница ве повикува на откривање, размислување и креативност.

Содржините се внимателно подготвени за да ве водат чекор по чекор – преку слушање, пеење, движење, истражување. Во ова патување не сте сами - вашиот наставник е тука да ви биде поддршка, водич и соработник. Нека музиката биде вашиот простор за раст, израз и радост. Уживајте во секој звук, секој ритам, секоја мисла. Со музиката како водилка, ќе откриете колку е светот поубав кога се слуша со срце.

*од*
*авторката*

# *МУЗИКА СУМ ЈАС*




2.

Шумот на ветрот, птичјата песна,
во шепот на лисје, сегде е песна.
Секој ден песна силно се ори,
слушни го ритамот во рујните зори.

реф...

3.

Кога сме заедно, сè е песна
мелодија тече чиста и лесна.
Пееме заедно со љубов на глас.
Музика сум јас, музика сум јас!

реф...



# ПОВТОРУВАМЕ, УТВРДУВАМЕ!

## ПОВТОРИ!

Потруди се да се присетиш на содржините што ги усвои во шесто одделение.

- траење и продолжување на нотите и паузите;
- C-dur и a-moll скала со нивните карактеристики;
- вокална музика;
- темпо и динамика;
- жичени инструменти (класични и народни);
- дводелна и триделна форма;
- народни песни.

Повторувањето може да биде преку прашања од наставникот, преку квиз, со извлекување на прашања од кошничка и слични активности.

## УТВРДИ!

*Активност за меѓусебно оценување*

- состави 10 прашања од содржините од шесто одделение;
- твоите прашањата нека ги одговори друг ученик (по случаен избор). Исто така и ти одговори прашања што ги составил друг ученик;
- одговорените прашања ги оценува (со сопствени критериуми) ученикот кој ги составил прашањата.

На овој начин се вежба техниката на добро поставени прашања, се утврдуваат содржините и меѓусебното оценување. Секој ученик има улога и на наставник.
Сите прашања и одговори за кои не сте сигурни или сте ги подзаборавиле, дискутирајте ги и повторете ги со помош на наставникот.

## СЛУШАЈ МУЗИКА!

Присети се на композициите што ги слушавте на час минатата година. Заедно со останатите ученици, направете листа од омилените композиции. Заедно со наставникот, слушнете ги повторно. Дискутирајте за композиторот, жанрот, темпото, динамиката, кој ја изведува композицијата, дали таа е вокална, инструментална или вокално-инструментална. Објасни зошто секоја од композициите ти оставила впечаток.

## ПЕЈ!

Пејте ги омилените песни од минатата година. За да се присетите на нотното писмо, пејте и мелодиски вежби. Дискутирајте за тонската скала, тактот и траењето на нотите во вежбите. Вежбите пејте ги во различно темпо и динамика.

1


2


# МУЗИЧКИ ЖАНРОВИ

***ПОВТОРИ!***

- Како би го опишал/а твојот омилен жанр без да го кажеш називот?
- Што еден жанр го прави препознатлив?
- Дали мислиш дека популарната музика денес е иста како пред 20 години?
- Кој жанр, според тебе, најмногу се променил?
- Кој жанр најмногу одговара на твоето расположение кога си среќен/а, тажен/а, уморен/а и сл.?

***НАУЧИ!***

Музички жанрови се категории во кои се групира музиката според одредени заеднички карактеристики, како што се стилот на изведба, ритамот, мелодијата, хармонијата, инструментариумот, темпото, функцијата и сл. Најзастапени жанрови се: класична, народна и популарна музика. Секој жанр носи различен израз и културно значење. Препознавањето на жанровите ни помага да разбереме како музиката се менувала низ времето и како се поврзува со општеството, културата и технологијата. Жанровите се основа за развој на музичкиот вкус и критичкото слушање.

***СЛУШАЈ МУЗИКА!***

The Beatles – Let It Be
https://www.youtube.com/watch?v=CTcb_33-DiI

Танц со сабји – А. Хачатурјан
https://www.youtube.com/watch?v=mUQHGpxrz-8

Македонска чалгија – Ајде дали знаеш паметиш Милице
https://www.youtube.com/watch?v=dt4-_SD9BLg

Воочи кој жанр е секоја композиција/песна. Каков е карактерот на музиката во секој пример? Како се чувствуваш додека ја слушаш? Кои инструменти ги препознаваш? Што мислиш, која композиција/песна е наменета за концерт, танц, секојдневно слушање или нешто друго?

***ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ!***

- Првиот музички жанр кој бил снимен на плоча е џез, уште во 1917 година.
- Поп-музиката го добила името од зборот „популарна“ – затоа што е најслушана меѓу пошироката публика.
- Рокенролот се појавил во САД, но брзо се проширил низ целиот свет благодарение на бендови како The Beatles и The Rolling Stones.
- Во некои жанрови, како електронската музика, речиси и да нема „живи” инструменти – целата музика се создава со компјутери.
- Фолклорната музика честопати се пренесувала по пат на усно предание и со векови опстојувала без да биде напишана со ноти.

# МОЈОТ МУЗИЧКИ СПОМЕНАР

Напиши и нацртај за твојата омилена музика!

Пополни го музичкиот споменар според твојот музички избор. Покрај одговорите можеш да додадеш симболи или цртежи поврзани со содржината. Сподели со останатите ученици и разговарајте за сличностите и разликите во вашиот музички избор. Според напишаното, изработете заедничка листа на композиции/песни и слушајте ги заедно!

Јас сум

................................................................

а ова е мојот музички избор

Мојот омилен музички жанр е...

Моите три омилени композиции/песни

Моите омилени класични композиции се:

( час)

Моите три омилени народни

Музиката за мене е...

Најдобри популарни песни според мене се:

Музика слушам кога....

## АКТИВНОСТИ ЗА МУЗИЧКИ ЖАНРОВИ

*Активност 1 –* ***„Музички натпревар на жанрови“***

Поделете се во групи. Секоја група добива различен жанр (класична, народна, популарна). За 10 минути подгответе реплика, драматизација, танц, сцена, пантомима или песна со која ќе се претстави жанрот – како натпревар кој жанр е „најдобар“, односно, најдобро претставување.
Можат да се користат звуци со тело (битбокс, раце, стапала), гестикулации, реквизити. Потоа следува натпревар „Жанр-шоу“, со публика од останатите ученици, гласање или аплаузометар.

*Активност 2 –* ***„Диџеј за еден ден“***

Напишете ливчиња со неколку називи за сценарија: „Свадба“, „Кафе бар“, „Вечерна емисија за класична уметност“, „Петочна забава во училиште“. Секоја група избира по 3 композиции (по можност од различни жанрови) кои најмногу би одговарале на таа ситуација. Секоја група аргументира за изборот. Сите гласаат за најуспешна плејлиста.

*Активност 3 –* ***„Жанр во тело“***

Создадете заедничка листа на композиции од различни жанрови. Се презентираат кратки музички извадоци (пр. извадок од балет, оро, рок, боса нова итн.). Танцувајте на соодветен начин без зборување и договарање – само движење инспирирано од музиката (ритам, мелодија, жанр, карактер на композицијата и сл.). По секој извадок, кратко дискутирајте: Кој жанр е тоа? Зошто се движевте така?

*Активност 4 -* ***Escape Room: „Музички времеплов“***

Во училницата поставете 4 „станици“ (столчиња или ќошиња) – класична музика, народна музика, поп, рок. На секоја станица, дел од учениците нека состават загатка (QR-код со звучен запис од различни жанрови). Учениците во мали групи треба да ја решат задачата и да продолжат понатаму. Последната мисија е „Излез од времепловот“ – каде тие самите треба да го искористат знаењето и „да се вратат во сегашноста“.

*Активност 5 –* ***„Нацртај го жанрот“***

Слушајте неколку музички примери од одредени жанрови без да го кажете називот. Пробајте да „нацртате“ еден жанр преку бои, форми, сцени, луѓе, стил на облека и сл. Потоа треба меѓусебно да го погодите жанрот, врз основа на цртежите.

*Активност 6 –* ***„Кој сум јас?“***

Напишете ливчиња од називи на музички жанрови. Секој извлекува по едно ливче (тајно). Треба да се претстави жанрот: со тропкање на ритмичка придружба, движења/гестикулации, имитирање на пејач/инструмент/диригент и сл. Останатите погодуваат за кој жанр се работи.

# ТОНОВИТЕ d2 (ре2) и е2 (ми2)

***ПОВТОРИ!***

Напиши ги абецедните имиња на тоновите и на која октава ѝ припаѓаат (мала, прва, втора - пр. g1, a, c2.)



Пронајди ја и заокружи ја првата октава во тонскиот систем. Воочи го начинот на запишување на останатите тонови.



***НАУЧИ!***

Тонот d2 (ре2) се пишува на четвртата линија во петтолинието. Се пишува веднаш над тонот c2 (до2).





c1 d1 e1 f1 g1 a1 h1 c2 d2

Во низата од тонови забележуваш уште еден тон d обележан со зелена боја. Тоа е тонот d1 од првата октава. Тонот d2 е од втората октава и е за осум тонови повисок од тонот d1.

***ПЕЈ!***

Воочи колку пати се среќава тонот d2 во секоја вежба. Потоа испеј ги вежбите со помош на наставникот.

1 

2 

3 

## НАУЧИ!

Тонот e2 (ми2) се пишува во четвртата празнина во петтолинието. Се пишува веднаш над тонот d2 (ре2).






Објасни зошто тоновите e1 и e2, иако се истоимени, се пишуваат на различно место.

## НАПИШИ!

Мелодиската вежба напиши ја за октава повисоко.



## СВИРИ!

Воочи ги тоновите d2 и e2 во дадените примери. Свири ги мелодиските вежби и народната песна со мелодиски детски инструменти или инструменти со клавијатура.

1



2



Билјана платно белеше

*народна*



# КРЕАТИВНО МУЗИЧКО ИЗРАЗУВАЊЕ

## *МОЌТА НА МУЗИКАТА*

Кога слушаме музика, таа кај сите нас предизвикува различни емоции. Преку креативно изразување можеме да ги претставиме нашите емоции, а со тоа и подобро емотивно да ја доживееме композицијата што ја слушаме. Наставникот ќе направи избор на композиција, а вие изберете активност, следете ги инструкциите, вклучете ја вашата фантазија, имагинација и креативност и уживајте со музиката! Еве неколку предлози за активности за креативно музичко доживување, кои можете да ги реализирате на часот.

## *МОЈОТ МУЗИЧКИ СВЕТ*

*Активност 1* – ***„Звуци и чувства“*** (5 минути)
Слушајте кратка инструментална композиција (без текст). Дискутирајте за следните прашања:
Што почувствувавте додека ја слушавте?
На кои слики или сцени ве асоцираше музиката?

*Активност* 2 – ***„Музички светови“*** (20 минути)
Поделете се во 4 групи според сопствените афинитети. Слушајте ја повторно композицијата. Изразете ги чувствата во рамките на следните активности:
Приказна со музика – создадете миниприказна инспирирана од композицијата.
Танц или движење – изразување преку движење соодветно на карактерот на музиката.
Музичка драматизација – претставете мала сцена со пантомима.
Музичка слика – нацртајте цртеж според емотивното доживување на композицијата.
Сите активности се договараат во рамките на групата.

*Активност 3* – ***„Нашата музичка сцена“*** - презентација (10 минути)
Секоја група ја претставува својата креација пред другите.
Останатите ученици даваат кратки коментари или прашања.

*Активност 4*– ***„Јас како уметник“*** - рефлексија (5 минути)
Напишете 3 реченици или одговорете усно:
Во која активност најмногу уживав?
Што ново научив за себе и за музиката?
Како можам да ја комбинирам музиката со други уметности (танц, цртеж, поезија...)?

*Активност 1* - ***„Креираме филм“*** (5 минути)
Слушајте ја внимателно композицијата што ја презентира наставникот. Потоа поставете предизвик: „Замислете дека оваа музика е од филм кој сѐуште не постои. Ваша задача е да го измислите!“ Поделете се во групи и создавајте го вашиот филм.

*Активност 2* - ***„Сцена за музиката“*** (20 минути)
Поделете се во групи по 4-5 ученици и реализирајте ги следните активности:
Создадете кратка музичко-драмска сцена (2-3 минути) , инспирирана од композицијата што ја слушате. Можете да користите:
Ритам со телото (плескање со рацете, тропање со ногата, кликање со прстите и сл.);
Импровизирани инструменти (чаши, шишиња, пенкала, книги...);
Гласовна изведба – ритам, зборови, шепот, рецитација;
Танцови елементи или пантомима.
Парафразирајте дел од музиката (на пример, да го следите ритамот или мелодијата на поразличен начин: со телото, со збор, со движење).

*Активност* 3 – ***„Нашите музички светови“*** - презентација (10 минути)
Секоја група ја презентира својата креативна сцена.
По секоја изведба, останатите ученици и наставникот поставуваат кратки прашања или коментираат:
Што препознавте во изразот?
Како ја доживеавте сцената?

*Активност 4* - ***„Јас како актер“*** (5 минути)
Преку дискусија, одговорете на следниве прашања:
Кој жанр беше нашиот филм?
Што ми беше најтешко, а што најинтересно?
Дали научив нешто ново за музиката или за себе?
Како можам да користам музика во моето секојдневие за изразување?



## *МУЗИЧКО ДОЖИВУВАЊЕ НА СВОЈ НАЧИН*

*Активност 1*- ***„Слушни и почувствувај“*** (5 минути)

Слушајте оркестарска композиција по избор на наставникот. Со кратки зборови одговорете: „Ако оваа композиција беше боја – која би била? Ако беше предмет – што би бил? Ако беше чувство – кое?“ Одговорите запишете ги на налепници и залепете ги на табла. Споредете ги одговорите меѓусебно.

*Активност 2* - ***„Насликај ја музиката“*** (15 минути)

Композицијата се слуша повторно. Секој ученик црта цртеж инспириран од композицијата. Потоа следи кратка презентација на цртежот (што претставува, кои чувства ги покажува).

*Активност 3* - ***„Танц на емоции“*** (10 минути)

Избери еден збор со кој ќе ја објасниш емоцијата што ја доживеа од композицијата (среќа, тага, возбуда, радост и сл.). Групирајте се во групи, според емоцијата, и осмислете движење/кореографија што ја претставува таа емоција. Танцувајте во ритамот на композицијата.

*Активност 4* – ***„Импресии”*** - рефлексија (10 минути)

Довршете ја реченицата

„Денес музиката ме натера да почувствувам/замислам/создадам ___________“.

## *ФАБРИКА ЗА РИТАМ*

*Активност 1* - ***„Повтори го ритамот“*** (10 минути)

Наставникот презентира едноставни и посложени ритмички модели, а учениците повторуваат. Потоа еден ученик создава, а другите го имитираат. Можат да се користат импровизирани инструменти или со движење на телото.

*Активност 2* - ***„Ритам бенд“*** (10 минути)

Создадете краток ритмички модел. Менувајте го, додавајте нови модели, надополнувајте го и направете своја верзија. Но, при секое повторување обидете се да го запаметите текот на новите ритмички модели. Можете да користите клупи, раце, стапала, училиштен прибор и сл.

*Активност 3* - ***„Ритмички круг“*** (10 минути)

Марширајте во круг во одредено темпо. Првиот во редот нека започне со еден ритмички модел, следниот го надополнува со свој дел и така натаму.

*Активност 4* - ***„Ритмички настап“*** (10 минути)

Секоја група го изведува својот ритмички настап. Преку дискусија изберете кој ритам е најинтересен и зошто?

## *ЗВУЧНА ПРИКАЗНА - ОД ПЕСНА ДО СЦЕНА*

*Активност 1 - **„Слушни и замисли!“*** (5 минути)
*-Активирање на имагинацијата преку музика*
Слушајте кратка, позната песна (народна, детска, популарна). Размислувајте: Што би се случувало во некоја приказна со оваа музика?

*Активност 2 - **„Преврти ја песната!“*** (10 минути)
*-Креативно парафразирање*
Пробајте со креативни идеи да ја „превртите“ песната со нов текст, нов ритам, нова емоција (на пример: песната станува тажна, страшна, комична). Смислете кратка приказна поврзана со таа нова верзија.

*Активност 3 - **„Звучи како приказна!“*** (15 минути)
*– Импровизација со звук и збор*
Поделете се во групи. Секоја група создава:
- кратка сценска или звучна приказна (2–3 реченици/сцени);
-ги користи изменетата песна и инструменти за звучна поддршка;
-додава нарација, движење или глума (по желба);
(улоги: раскажувач, музичари, актери).

*Активност 4 - **„Сцена за СИТЕ!“*** (8 минути)
*– Мала театарска сцена со музика*
Секоја група ја изведува својата минизвучна приказна. Останатите слушаат и коментираат: Што беше најоригинално? Што почувствуваа?



# ИНТЕРВАЛИ

**ПОВТОРИ!**

- Што е тон, а што е нота?
- Што е стапало?
- Што е степен?

**НАУЧИ!**

Интервал *(лат. intervallum-растојание)* во музиката претставува растојание помеѓу кои било два тона.
Интервалите можат да бидат хармонски - кога два тона звучат истовремено или мелодиски - кога два тона звучат еден по друг.



*хармонски*



*мелодиски*

Според големината на растојанието помеѓу тоновите, интервалите имаат одредени називи и тоа: прима, секунда, терца, кварта, квинта, секста, септима и октава.



Прима
е еден ист повторен тон, односно, два истоимени тона



Секунда
е растојание помеѓу два соседни тона, еден до друг



Терца
е растојание помеѓу три тонови



Кварта
е растојание помеѓу четири тонови



Квинта
е растојание помеѓу пет тонови



Секста
е растојание помеѓу шест тонови



Септима
е растојание помеѓу седум тонови



Октава
е растојание помеѓу осум тонови

**ВЕЖБИ**

1. Воочи ги и напиши ги соодветните називи за дадените интервали.



2. Напиши го соодветниот тон за да го добиеш зададениот интервал.



секста квинта септима кварта терца прима секунда октава

### ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ!

- Интервалите можат да се градат во нагорна и надолна насока од основниот (зададениот) тон. На тој начин ги среќаваме и во мелодиското движење.
- Интервалите, според видот, можат да бидат: чисти, големи, мали, прекумерни и намалени.
- Според звучноста, интервалите можат да бидат консонантни и дисонантни.
- Заедно со наставникот, дискутирајте за асоцијативни модели за слушно препознавање на интервали (на пр. химната на нашата држава почнува со интервалот кварта).

### МЕЛОДИСКИ ВЕЖБИ

Воочи ги интервалите во мелодиските вежби. Отпеј ги или свири ги на детски мелодиски инструменти.







## ИНТЕРВАЛИ

(Тригласен канон)

Andante

J. Хајдн



# ПОВИШУВАЛКА (ДИЕЗ)

**ПОВТОРИ!**

Наведи ги абецедните имиња на тоновите од скалата C-dur.
Поврзи ги абецедните со соодветните аретински имиња на тоновите.




***НАУЧИ!***

Основните тонови во скалата можат да се повишат за полустепен нагоре со музичкиот предзнак повишувалка или диез (♯). Повишувалката се пишува пред нотата, на местото каде што стои истата. Повишениот тон на основното абецедно име добива наставка „is”. При солфежирање (пеење по ноти) се пее со аретински имиња на тоновите, но интонативно тонот со повишувалка се пее за полустепен повисоко.










***ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ!***

- Повишувалката, која е напишана пред тонот, има важност само во рамките на еден такт.




- Една или повеќе повишувалки може да има на почетокот и во секој нареден ред во композицијата, веднаш по виолинскиот клуч. Во тој случај, знаците за повишување го означуваат тоналитетот. Се пишуваат на почетокот на редот, а важат за сите тонови на кои се однесуваат.



- Разгледај ги обележаните тонови во клавијатурата. Воочи ги тоновите eis и his. Размисли и дискутирај, заедно со другите ученици, зошто се напишани во заграда и зошто нема црн клавиш помеѓу тоновите e и f и тоновите h и c. Дознај повеќе, доколку те интересира, за поимот енхармонски тонови (eis-f; his-c).



# РАЗРЕШУВАЛКА (БЕКАР)



***НАУЧИ!***

Разрешувалка или бекар (♮) е музички предзнак кој го враќа тонот во првобитната (основната) положба, доколку тонот бил повишен. Се пишува пред нотата, на местото каде што стои истата. При абецедно именување на тонот пред кој има бекар, се губи наставката „is”. Знаците за повишување и разрешување, доколку се пишуваат пред самата нота, имаат важност само во конкретниот такт.




***ВЕЖБИ***

Именувај ги тоновите со абецедни имиња.



***МЕЛОДИСКИ ВЕЖБИ***

Воочи ги повишените и разрешените тонови во секоја вежба. Применувај ги интонациски при пеењето.

1 

2 

3 

4 

5 

# a-moll скала (хармонски вид)

**ПОВТОРИ!**

- Што е тонска скала? Какви скали постојат? Објасни ја разликата меѓу различните тонски
- родови. Кои се тоновите во C-dur скала? Каков е распоредот на целите и полустепените во C-dur скала?
- Како се добива a-moll скала?Кои се тоновите на a-moll скала (природен вид)? Каков е распоредот на целите и полустепените во a-moll скала (природен вид)?
- Како можеш да препознаеш во која скала е напишана една мелодиска вежба?

**НАУЧИ!**

Секоја дурска скала има своја паралелна молска скала која се добива кога од дурската скала ќе се земе шестото стапало, а тој тон се назначува за прво стапало во молската скала. Скалата a-moll е паралелна молска скала на основната дурска скала C-dur.

Има три вида молски скали: природен, хармонски и мелодиски вид.

Природниот вид на молската скала a-moll е со истите тонови од паралелната дурска скала C-dur, само што почнува и завршува со тонот а (ла) и звучи различно.

Во хармонскиот вид се повишува седмото стапало. Со тоа се добива различен распоред на целите и полустепените од природниот вид на a-moll скала. Во долниот тетракорд нема промени и полустепените се помеѓу 2 и 3 стапало. Додека во горниот тетракорд, полустепените се помеѓу 5 и 6, 7 и 8 стапало, а помеѓу 6 и 7 стапало има еден и пол степен.







**СВИРИ И ПЕЈ!**

1



2



**УТВРДИ!**

Наведи ги сличностите и разликите помеѓу a-moll скала, природен и хармонски вид.

# a-moll скала (мелодиски вид)

***ПОВТОРИ!***

- Објасни ја разликата помеѓу дурска и молска скала.
- Наведи ги видовите на молски скали.
- Кои се сличностите и разликите помеѓу природен и хармонски вид на молска скала?

***НАУЧИ!***

Во мелодискиот вид на молска скала се повишуваат 6 и 7 стапало. Со тоа се добива различен распоред на целите и полустепените. Во долниот тетракорд нема промени и полустепените се помеѓу 2 и 3 стапало, а во горниот тетракорд полустепените се помеѓу 7 и 8 стапало.




Кога мелодијата во некоја композиција, напишана во мелодискиот вид на молска скала, се движи во надолна насока, тогаш претходно повишените тонови се разрешуваат (со бекар/разрешувалка), односно се преминува во природен мол.




***ПЕЈ И СВИРИ!***






## *МЕЛОДИСКИ ВЕЖБИ*

Воочи во која од изучените скали (C-dur и a-moll-природен, хармонски и мелодиски вид) се напишани мелодиските вежби. Отпеј ги или свири ги. Можеш да бидеш придружуван со ритмички инструменти. Изведувај ги во различно темпо и динамика. Избери кое темпо и динамичко нијансирање најмногу одговара за секоја вежба и запиши ги со соодветни знаци за динамика и ознаки за темпо.

1


2


3


4


5


6


7


# НАСОЧЕНО СЛУШАЊЕ МУЗИЧКИ ДЕЛА

## *КАКО АКТИВНО ДА СЛУШАМЕ МУЗИКА!*

Музиката не е само звук – таа е приказна, енергија и чувство. За подобро да ја разбереш треба да ја слушаш со отворени уши, будна мисла и слободна фантазија. Еве неколку насоки како да го правиш тоа, секогаш кога ќе слушаш музичко дело:

**1.** ***Подготви се како истражувач*** - Пред да започне музиката, запрашај се: Какво чувство очекувам да добијам? Кои звуци можам да ги препознам? Што знам за музиката и авторот? (ако има информација). Можеш да ги затвориш очите, да се опуштиш и да се фокусираш само на слушање – без да зборуваш, да црташ или да пишуваш (барем првиот пат).

**2.** ***Слушај со внимание*** - Обиди се да слушаш не само дали се свири или пее, туку како се свири и пее: Дали е бавно, умерено или брзо темпо? Кога музиката е тивка, кога станува гласна? Дали можеш да препознаеш некој инструмент или глас? Дали има дел што се повторува? Дали има контрастни делови? Каков е карактерот? Кој жанр е композицијата?
Понекогаш е добро да запишеш кратки белешки со зборови или цртежи што ќе ти помогнат да го запаметиш тоа што го слушаш.

**3.** ***Замисли и претстави*** - Ако музиката е слика, како би изгледала? Ако е приказна, што ќе се случува во неа? Ако е време од денот, кога би се случила?
Овие прашања ќе ти помогнат да ја поврзеш музиката со твојата имагинација.

**4.** ***Раскажи ја музиката*** - По слушањето, обиди се да раскажеш што се случува во музиката - како да зборуваш за филм што си го гледал: Како започна? Како се разви? Имаше ли неочекуван момент? Какво чувство преовладуваше? Можеш да го направиш ова индивидуално, во парови или во мала група.

**5.** ***Разговор по слушањето музика*** - Во мала група или со цело одделение, обиди се да дискутираш: Кој момент најмногу ти се допадна? Дали некој дел ти звучеше познато? Како би ја искористил/а оваа музика – за филм, сцена, настан?

**6.** ***Рефлексија*** - што научив од слушањето музика? После секое активно слушање, запиши (или размисли): „Денес првпат забележав...“, „Најмногу ме изненади...“, „Сега знам како да препознам...“, „Следниот пат ќе обрнам повеќе внимание на...“

***Мала вежба за домашна примена***: Избери вокална, инструментална или вокално - инструментална композиција што ќе ја слушаш дома. Следи ги истите чекори – забележи, замисли, анализирај, раскажи. Потруди се да ја чуеш музиката поинаку од порано.

***Мисла за крај:***
*„Добриот слушател музиката ја слуша со ушите, а ја памети со срцето.“*

# ДНЕВНИК ЗА СЛУШАЊЕ МУЗИКА

| *дата* | *наслов* | *композитор* | *жанр* | *изведувач/и* | *темпо* | *динамика* | *карактер* | *форма* | *забелешка* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |

# ШЕСНАЕСТИНА НОТА И ПАУЗА

### ПОВТОРИ!

- Присети се на траењето на нотите и паузите (цела, половина, четвртина и осмина) и претстави ги со техниката *Грозд*.
- Напиши три збора со еден, два и четири слогови (пр. лист-дрво-зеленило; лет-небо-авиони и сл.). Тактирај рамномерно и пробај да го изговориш секој збор во еден удар. Со кои ноти би ги претставил/а зборовите во ритмичка вежба?

### НАУЧИ!

Шеснаестина нота трае четвртина удар, односно, во еден удар (во четвртински такт) има четири шеснаестини ноти. Истото важи и за шеснаестина пауза. Се пишуваат слично како осмина нота и осмина пауза, само е удвоен горниот елемент на симболот.



шеснаестина нота



шеснаестина пауза

### ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ!

- Кога има група од повеќе шеснаестини ноти, можат да се запишат на следните два начини.



- Во рамките на еден удар, многу често се среќаваат и следните нотни комбинации. Пробај да ги тактираш овие ритмички фигури.




### УТВРДИ!

- Колку трае шеснаестина нота/пауза?
- Објасни зошто се нарекува шеснаестина нота/пауза.
- Колку шеснаестини ноти има во половина нота?
- Поделете се во групи, секоја група да има по 4 ученици. Секој ученик на картичка да напише ритмичка фигура во рамките на 2/4 такт. Редете ги картичките по различен редослед и тактирајте ги заедно или самостојно.
- Создадете реченици од зборови од еден, два и четири слогови. Зборовите изговарајте ги рамномерно во еден удар. Потоа зборовите претставете ги со соодветни ноти, како ритмичка вежба. Под нотите напишете го текстот.

## ПЕЈ!

1



2



## Болеро

*(тема)*

М. Равел



# РОНДО

### ПОВТОРИ!

- Присети се на содржините за дводелна и троделна форма. Објасни со свои зборови: Што е заедничко меѓу музичка форма и состав по македонски јазик?
- Ако треба да нацрташ дводелна музичка форма, како би ја претставил/а: со две исти или две различни бои? А троделна форма?

### НАУЧИ!

Рондо (од францускиот збор *rondeau* - круг) е музичка форма во која главната тема- ***рефрен*** (А) постојано се повторува, а меѓу повторувањата се појавуваат нови, контрастни теми ***-епизоди*** (Б, В итн.).

Најчести форми се:

А Б А В А     или     А Б А В А Б А

*(*сонатно рондо)*

Главната тема секогаш се враќа, што создава чувство на препознатливост и рамнотежа, додека новите делови внесуваат разновидност и динамичност.

### СЛУШАЈ МУЗИКА!

Слушајте ги предложените композиции и препознајте ги деловите на музичката форма рондо. Претставете ја формата со шема на креативен начин.

Фосили од „Карневал на животните“ – К. Сен-Санс
https://www.youtube.com/watch?v=vbYNGnltA4Y

Јулија-девојка од балетот „Ромео и Јулија“ – С. Прокофјев
https://www.youtube.com/watch?v=o5SGA67FDC4

The Beatles – I Want to Hold Your Hand
https://www.youtube.com/watch?v=jenWdylTtzs

### ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ!

- Многу филмски теми ја користат формата рондо – на пример, во музиката од „Пиратите од Карибите“ или „Војна на ѕвездите“, главната мелодија често се враќа, а меѓу неа се појавуваат нови звучни слики.
- Моцарт и Бетовен компонирале многу рондо-ставови во своите сонати и концерти. Зошто? Бидејќи публиката брзо ги меморирала главните теми, а тоа е многу важно кога се слуша музика во живо!
- Поради повторувањето на главната тема, кога слушаме рондо ја тренираме нашата способност за препознавање, слушање со внимание и меморија. Тоа е корисно и како ментална вежба!

## УТВРДИ!

1. Заокружи ја формата на рондо:

а) А – Б – В – Г – Д
б) А – Б – А – В – А
в) А – А – Б – А – А
г) А – Б – В – А – В

2. Поврзи ги поимите кои се однесуваат на деловите во рондото:

| ***поим*** | ***објаснување*** |
|---|---|
| А дел ● | ● се јавува како нов контрастен материјал |
| Б дел ● | ● се повторува неколку пати во композицијата |
| В дел ● | ● нов дел, поразличен од претходниот контрастен |

3. Претстави ја најчестата форма на рондо со симболи.

4. Одговори на прашањата:

Како се нарекува делот што се повторува?

Какво чувство создава делот што се повторува?

Како се нарекуваат деловите што се контрастни?

5. Создадете кратка ритмичка композиција со форма на рондо, користејќи телесни перкусии (тапкање, ракоплескање, тропање), со ударни инструменти или ритмичко изговарање на слогови. Поделете се во три групи: група А - ритам рефрен; група Б - ритам епизода 1; група В - ритам епизода 2. Секој дел (А, Б, В) треба да биде 4 такта, во 4/4 такт. Следете ја формата на рондо (А – Б – А – В – А). Изведете ја композицијата заеднички, следејќи го точниот редослед.

# ТЕМА СО ВАРИЈАЦИИ

### ПОВТОРИ!

Присети се на триделната форма АБА. Дали има повторување? Дали повторувањето е сосема исто?

### НАУЧИ!

Тема со варијации е музичка форма која се состои од една основна музичка ***тема***, која се повторува неколку пати, но секојпат изменета - ***варијации***. Овие измени можат да бидат во ритамот, мелодијата, хармонијата, темпото или динамиката. Со тоа се збогатува и се развива основната музичка идеја, при што музиката станува поинтересна и поразновидна. Темата претставува основа за понатамошните варијации. Варијациите се модифицирана верзија на темата, кои го менуваат нејзиниот карактер, но сепак темата е препознатлива.

### СЛУШАЈ МУЗИКА!

12 варијации на тема Ah vous dirai-je, Maman – В. А. Моцарт
https://www.youtube.com/watch?v=7BTvoqVK420

Колку варијации слушна? Кој елемент најмногу се промени во првата варијација? Дали варијациите го направија музичкиот пример поинтересен? Објасни зошто.

Преку цртање, пишување или со усно излагање, опиши како се менува музиката во варијациите.

### ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ!

- Моцарт создал 12 варијации врз познатата детска песна „Ah, vous dirai-je, Maman“, која денес е позната како „Twinkle, Twinkle, Little Star“, „Baa Baa Black Sheep“ или „Alphabet Song“. Ова покажува колку една едноставна детска тема може да инспирира сложени и уметнички варијации.
- Постои легенда дека Бах ги напишал „Голдберг варијациите“ за младиот изведувач на клавсен по име Голдберг, кој требало да ги свири навечер за некој богат човек што страдал од несоница. Бах создал 30 варијации на едноставна мелодија – едно од најважните дела во музичката литература.
- Варијациите се сметаат за интелектуална игра во класичната музика. Композиторите намерно „се кријат“ зад измените, па некогаш темата е тешко препознатлива, но сепак присутна. Тоа е како музичка загатка – слушателот треба да ја најде врската меѓу оригиналната тема и нејзините варијации.

### СЛУШНИ ПОВЕЌЕ!

Каприс бр. 24 – Н. Паганини, исполнува М. Венгеров (виолина)
https://www.youtube.com/watch?v=hsJdLv38fy8

Во Ирска – Е. Боца, исполнува С. Давидов (хорна), И. Гончарова (пијано)
https://www.youtube.com/watch?v=TAqhA12Xa-g

## УТВРДИ!

**12 варијации на тема Ah vous dirai-je, Maman – В. А. Моцарт**
https://www.youtube.com/watch?v=7BTvoqVK42O

1. Слушнете ја темата и неколку од варијациите. Одговорете на прашањата:

| | ***Како звучи?*** (брзо/бавно, нежно/силно...) | ***Што е променето?*** (ритам, темпо, динамика и сл.) | ***Какви чувства буди?*** |
|---|---|---|---|
| **Тема** | | / | |
| **Варијација 1** | | | |
| **Варијација 2** | | | |
| **Варијација 3** | | | |
| **Варијација 4** | | | |
| **Варијација 5** | | | |
| **Варијација 6** | | | |

2. Состави своја варијација на рефренот од твојата омилена песна. Одлучи што ќе промениш (обележи):

□ ритам  □ динамика  □ темпо  □ текст  □ карактер

Опиши ја својата варијација:

Мојата варијација ќе биде

--------------------------------------------------------------------------------------------------------

3. Прашање за дискусија:

Зошто композиторите создаваат варијации на позната тема?

--------------------------------------------------------------------------------------------------------

# СЛОЖЕНА ТРИДЕЛНА ФОРМА

**ПОВТОРИ!**

Во малата триделна форма, деловите А и Б обично се кратки и едноставни. Какви можат да бидат деловите во сложената триделна форма? Која е сличноста меѓу овие форми?

**НАУЧИ!**

Музичката форма АБА е една од најчесто застапените музички форми во класичната музика. Оваа форма се нарекува и сложена триделна форма, затоа што е составена од три главни делови:
А – првиот дел, кој претставува главната тема/музичка мисла/тематски материјал; Б – вториот дел, кој е контрастен (различен) во однос на првиот дел, обично со нова мелодија, темпо или тоналитет;
А – третиот дел, кој е повторување на првиот дел, односно главната тема се враќа, со цел да се создаде чувство на целосност и завршеток.
Формата е структурирана така што прво го слушаме делот А, потоа делот Б кој нѐ оддалечува од првиот дел А, а потоа повторно се враќаме на делот А. Оваа симетрија ја прави формата многу јасна и лесна за следење.
Поради својата едноставна структура, формата АБА често се користи во музички дела како став од сонати, симфонии, свити и како самостојни дела - во соло песни, романси, минијатури и сл.

**СЛУШАЈ МУЗИКА!**

„Унгарски танци" – Ј. Брамс (по избор на наставникот)
„Годишни времиња" („Ноември" или по избор на наставникот) – П. И. Чајковски

Дали во композициите препознаваш три различни делови или еден доминантен дел што се повторува?
Дали композицијата започна и заврши со иста мелодија?
Каков е карактерот на средниот дел? Дали е контрастен, пobавен, побрз или поинаков по карактер?
Ако треба да ја нацрташ формата што ја слушна, како би изгледала? Три различни бои? Симетричен облик?

**ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ!**

- Формата АБА може да се замисли како музички „сендвич" – првиот и третиот дел (А и А) се како двете парчиња леб, а средниот дел (Б) е филот. Сите делови се важни, но филот го менува вкусот и прави сѐ поинтересно.
- Иако современата поп-музика често користи епизода-рефрен (рондо) структура, многу балади или инструментална музика го користат моделот АБА. Ова покажува дека оваа класична форма живее и денес.

# КОМПОЗИЦИИ СО СЛОЖЕНА ТРИДЕЛНА ФОРМА

## МЕНУЕТ

### НАУЧИ!

Менует е стар француски танц. Се појавува во 17-тиот век, а најголема популарност има во времето на барокот и класицизмот. Се изведувал на свечени балови, дворски собири и бил симбол на елеганција, достоинство и ред.
Менуетот е во три четвртински такт (3/4). Темпото е умерено или бавно – менуетот не е брз танц, туку достоинствен и со одмерени движења. По карактер е смирен, елегантен, често со симетрични фрази и јасна мелодија. Зборот „менует“ доаѓа од францускиот збор menu, што значи „мал“, бидејќи движењата се кратки, одмерени и спокојни.
Менует во класичната музика се среќава како дел од барокна свита, како став во сонати, симфонии, камерни дела и како самостојна композиција, особено за пијано.

### СЛУШАЈ МУЗИКА!

Менует – Л. Бокерини
https://www.youtube.com/watch?v=jt4apZCKaPA

Менует од „Мала ноќна музика“ – В. А. Моцарт
https://www.youtube.com/watch?v=fZJbTekdUiE

Дали можеш да препознаеш три различни делови во композицијата? Дали повторувањето на првиот дел (А) на крајот звучи исто како на почетокот? Како се разликува средниот дел од почетниот?
Какво расположение создава оваа музика (спокојно, весело, свечено)? Опиши како замислуваш движење или танц што би одговарал на оваа музика.

### ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ!

- Во 17-тиот и 18-тиот век, ако не знаеш да играш менует, нема место за тебе во дворецот! Кралот Луј XIV не само што го обожавал менуетот, туку ги учел и своите дворјани да танцуваат како што тој сакал. Дури и облеката се шиела по мерка за менует: широки здолништа и високи потпетици за грациозни чекори!
- Во аристократските училишта, менуетот се учел како предмет. Учениците тренирале како да се поклонуваат, да се држат исправено и да се движат синхронизирано со партнерот. Секој чекор имал свое име. Се играло со точно осум мали чекори во секоја фраза, сè било строго одмерено, како да се игра шах со музиката!
- Менуетот не бил само танц, туку и вид „нема претстава“. Секое движење имало значење – наклонот значел почит, вртењето – заведување, а дистанцата – одмерување. Се говорело со телото!

# МАРШ

## НАУЧИ!

Маршот е музичка композиција со јасен и нагласен ритам, наменет за усогласување на чекорите на поголема група луѓе – најчесто за воени или свечени поводи. Се изведува во 2/4 или 4/4 такт, со јасен нагласок на прво и трето време. Темпото е умерено, според движењето на чекорот. По карактер е енергичен, одлучен, понекогаш свечен. Маршот се среќава и во воената музика, во оркестарската, оперската, па и филмската музика и често се користи за паради, свечени и важни настани. Маршот е единствената форма на музика која е директно поврзана со движење на телото – секој удар одговара на еден чекор. Тоа значи дека и ритамот и темпото се прилагодени на човечкото чекорење.

## СЛУШАЈ МУЗИКА!

Полковникот Буги Марш (воениот/дувачки оркестар на РС Македонија)
https://www.youtube.com/watch?v=f_FYuS9cGTA

Дали можеш да го почувствуваш маршовиот ритам?
Каков е карактерот на музиката – дали звучи свечено, енергично, сериозно или разиграно?
Дали можеш да препознаеш повторување на главната тема?

## ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ!

- Маршот е една од ретките форми наменети за чекорење. Од античко време до денес, маршот ја диктира брзината, ритамот и духот на чекорењето и тоа за војска, парада или спортска манифестација.
- Уште во времето на Римската Империја, војниците марширале со тапани и рогови во вид на труби. Така држеле ритам и го подигнувале моралот. Војската била како движечки оркестар.
- Маршот често се користи за важни државни церемонии: пречек на државници, парада за национален празник, свечено отворање на спортски натпревар и сл. Исто така постои и свадбен марш за усогласување на младенците кога пристапуваат кон олтарот за да бидат венчани.

# ВАЛЦЕР

## НАУЧИ!

Валцерот е елегантен танц со потекло од Австрија и Германија, кој станал многу популарен во 19-тиот век. Се танцува во 3/4 такт и има карактеристично движење, со акцент на првиот удар во тактот. Карактерот е мелодичен, често со романтичен или свечен израз. Валцерот е често присутен во танцова и салонска музика, во оркестарска музика (на пр. валцерите на Јохан Штраус), во оперски и балетски сцени, клавирски композиции (Шопен, Брамс, Чајковски) и др.

## СЛУШАЈ МУЗИКА!

Валцер cis-moll – Ф. Шопен
https://www.youtube.com/watch?v=LyBv0OvprbQ

Валцер бр.2 – Д. Шостакович
https://www.youtube.com/watch?v=qPmnn_iTQJE

Дали можеш да го препознаеш ритамот на валцерот (3/4) во двете композиции? Каков е карактерот во секој од валцерите? (разиграно, свечено, драматично...) Кој валцер има потажен карактер, а кој поигрив? Имаат ли двете композиции повторување и јасна форма АБА? Дали слушаш враќање на истата тема по средниот дел?

## ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ!

- Кога валцерот се појавил, кон крајот од 18-тиот век, се мислело дека е прекумерно храбар и скандалозен, бидејќи партнерите првпат танцувале еден спроти друг, држејќи се за раце – нешто што дотогаш било невообичаено во тогашното општество.
- Мелодиите во валцерот често се изградени така што се „вртат“, слично како што паровите кружат по подиумот. Ова чувство на вртеж е создадено преку ритам, фразирање и хармонски врски кои имитираат движење.
- Јохан Штраус постариот и неговиот син Јохан Штраус помладиот се најпознатите композитори на валцери. Штраус помладиот е наречен дури и „Крал на валцерот“. Неговиот валцер „На убавиот син Дунав” е неофицијална химна на Виена.
- Во 19-тиот век, некои балски салони во Виена имале толку мазни подови, што дамите носеле специјални чевли за танцување со кожни ѓонови, за да можат полесно да се вртат. Дури користеле и прав (талк) за подот – само подобро да се лизга!
- Многу валцери започнуваат со бавен вовед, пред да почне ритамот во 3/4 такт. Овој вовед не е наменет за танцување, туку служи за создавање атмосфера, очекување и возбуда.

# МАЗУРКА

## НАУЧИ!

Мазурката е традиционален народен танц со потекло од Полска. Се изведува во 3/4 такт, но за разлика од валцерот, акцентот не е на првото, туку често на второто или третото тактово време, што ѝ дава препознатлив, потскоклив, пунктиран, разигран ритам. Може да биде бавно, умерено или брзо темпо. Карактерот е весел, разигран, но понекогаш и меланхоличен.

Во 19-тиот век, Фредерик Шопен ја пренел мазурката од народната традиција во салите за концерти, создавајќи над 50 мазурки за клавир. Неговите мазурки не се танцувале – тие се уметнички музички минијатури, полни со емоции, мелодичност и полски народен дух.

## СЛУШАЈ МУЗИКА!

Мазурка оп. 17 бр. 1 B-dur – Ф. Шопен
https://www.youtube.com/watch?v=CQ7Tc9geCLQ

Во какво темпо е композицијата? Дали го препознаваш триделниот метар (3/4)? Дали слушаш неочекувани акценти на второто или третото тактово време?
Каков е карактерот – потскоклив, весел, разигран?
Дали можеш да препознаеш три делови во композицијата (форма АБА)?

## ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ!

- Мазурката се танцувала на селски свадби, прослави и народни собирања. Во неа се вкрстуваат радоста, носталгијата и гордоста на полскиот народ. Затоа се вели: „Ако сакате да ја разберете душата на Полјаците – слушнете една мазурка!“
- За разлика од елегантниот валцер, мазурката е народен, понекогаш дури и „бучен“ танц! Танчарите често извикувале, потскокнувале или удирале со потпетиците – како дел од ритмичката игра!

## *УТВРДИ!*

Пополни ја табелата за да го утврдиш твоето знаење.

| | *МЕНУЕТ* | *МАРШ* | *ВАЛЦЕР* | *МАЗУРКА* |
|---|---|---|---|---|
| **потекло** | | | | |
| **такт** | | | | |
| **темпо** | | | | |
| **карактер** | | | | |
| **место на изведба** | | | | |
| **форма** | | | | |
| **интересен факт** | | | | |
| **моја забелешка** | | | | |






# Кога нотите стануваат музика
*(изведбени активности)*

# Gaudeamus hodie!

*(Да се радуваме денес!)*

триграсен канон

Н. Слит



# You are my sunshine

*(Ти си ми сонце)*

Џ. Дејвис




You are my sunshine, my only sunshine
You make me happy when skies are gray
You'll never know, dear, how much I love you
Please don't take my sunshine away

I'll always love you and make you happy
If you will only say the same
But if you leave me to love another
You'll regret it all some day

Ти си ми сонце, единствено сонце,
ме правиш среќен/на кога денот е сив.
Никогаш, драг/а, нема да знаеш колку ми
значиш – не ми го земај сонцето.

Секогаш ќе те сакам и ќе те правам среќен/на,
ако и ти ми го ветиш истото тоа.
Но, ако заминеш од мене,
ќе жалиш еден ден.

# Сите зборуваме со срцето




1.
Пријател си кога ми подаваш рака,
топла прегратка и срцето зборува.
пријатељ, arkadaş, miku, prijatelj,
многу зборови – иста светлина!

2.
Магичен е зборот те сакам, I love you,
тоа е поглед што сјае без глас.
Волим те, te dua, seni seviyorum,
љубовта не прашува на кој јазик зборува.

*(рефрен)*
Во срцето говорат сите јазици,
и секој глас носи светлина.
Кога пееме, расте љубовта –
музиката не знае за граници.

# Не се бели Маре

*македонска народна*







Не се бели, Маре мори, не се црви,
не се, толку Маре, дотерувај.

Ми се смеат, Маре мори, ергените,
ергените, Маре, еснафите.

Кого си го, Маре мори, погледнала,
секому си, Маре, болест дала.

Кому два дни, Маре мори, кому три дни,
а на мене Маре три години.

**може да се интегрира во содржината Диез и бекар*

# Ani more nuse
*(Еј, млада невесто)*

*албанска народна*







Ani mori nuse,
ani qafë stërë,
ani a don rruzme,
ani a don pare?

Еј, млада невесто,
со врат како стакло,
сакаш ли бисери,
сакаш ли пари?

**може да се интегрира во содржината a-moll скала*

# Dandini dandini dastana

*(Приспивна)*

*турска народна*




Dandini dandini dastana
Danalar girmiş bostana

Kov bostancı danayı
Yemesin lahanayı

Дандини, дандини, дастана,

телињата влегле во градината.

Избркај ги, градинару, телињата,

да не ја изедат зелката.

**можe да се интегрира во содржината Диез и бекар*

# Чобан тера овчице

*(Овчар тера овчички)*

*српска народна*




Чобан тера овчице,
лакој лане, дири, дири дане,
чобан тера овчице лагано.
Преко једне речице,
лакој лане, дири, дири, дане,
преко једне речице лагано.
Све му овце прођоше,
лакој лане, дири, дири, дане,
све му овце прођоше лагано.
Само једна не може,
лакој лане, дири, дири, дане,
само једна не може никако.
Чобан узе гранчицу,
лакој лане, дири, дири, дане,
чобан узе гранчицу лагано.
Оди мени малено,
лакој лане, дири,дири,дане,
јагње моје шарено овамо.

Овчар тера овчички,
лакој лане, дири, дири дане,
овчар тера овчички полека.
Преку една рекичка,
лакој лане, дири, дири дане,
преку една рекичка полека.
Сите овци му поминаа,
лакој лане, дири, дири дане,
сите овци му поминаа полека.
Само една не може,
лакој лане, дири, дири дане,
само една не може никако.
Овчар зема гранче,
лакој лане, дири, дири дане,
овчар зеде гранче полека.
Дојди кај мене мало,
лакој лане, дири, дири дане,
јагне мое шарено, дојди ваму.

**може да се интегрира во содржината Шеснаестини ноти и паузи*

# Rasla je ruža

*(Растеше ружа)*

*босанска народна*




| | |
|---|---|
| Rasla je ruža do bjela dvora, | Растеше ружа до белиот двор, |
| do bjela dvora mladog Omera. | до белиот двор на младиот Омер. |
| Tu je mlad Omer konja podkivao, | Таму младиот Омер го потковуваше коњот, |
| s pendžera njega draga gledala | од прозорецот го гледаше неговата драга. |
| S pendžera njega milo gledala, | Од прозорецот мило го гледаше, |
| iz sveg se glasa na njeg smijala. | и гласно му се смееше. |
| Njojzi govori dilber Omere: | И зборува дилбер Омер: |
| „S pendžera idi, lijepa djevojko!“ | „Бегај од прозорецот, убава девојко!“ |
| „Ukovah konja na te gledajući, | „Го заковав коњот гледајќи те, |
| gledajući tvoje oko garavo.“ | гледајќи ги твоите црни очи.“ |

# ДВОГЛАСНИ ВЕЖБИ

1



2



3



# Au clair de la lune

*(На месечевата светлина)*

*француска народна*




Au clair de la lune

Mon ami Pierrot

Prêtemoi ta plume

Pour écrire un mot

Ma chandelle est morte
Je n'ai plus de feu
Ouvremoi ta porte
Pour l'amour de Dieu

На месечевата светлина,
мојот пријател Пјеро,

бара едно перо,
да напише една порака.

Мојата свеќа се изгасна,
немам веќе оган.
Отвори ми ја вратата,
во името на Бога.

# Утро

од свитата Пер Гинт

*(тема)*

Е. Григ





# Santa Lucia

*(Санта Лучија)*

*неаполитанска баркарола*





Sul mare luccica l'astro d'argento,

Placida è l'onda, prospero è il vento.
Venite all'agile barchetta mia,
Santa Lucia, Santa Lucia!

На морето сјае сребрена звезда,
мирно е во заливот, ветерот гали.
Дојдете на моето мало чамче,
Санта Лучија, Санта Лучија!



# ДУВАЧКИ ИНСТРУМЕНТИ

***ПОВТОРИ!***

- Направете список од жичени инструменти со кои се запознавте претходно. Опишете како се добива звукот кај овие инструменти.
- Размислете и објаснете што би можело да биде различно кај дувачките инструменти.

***НАУЧИ!***

Дувачките инструменти постојат уште од праисторијата, кога луѓето откриле дека може да добијат звук со дување во шупливи предмети – школки, рогови, трски и слично. Со текот на времето, низ различни периоди, тие се менувале и усовршувале, добивајќи нови форми и побогат звук. Така постепено се оформиле во инструментите што ги познаваме денес.
Денес, дувачките инструменти се користат за соло-изведба, а се и составен дел од оркестри, дувачки ансамбли, камерни состави, џез-бендови, народни состави и др.

Дувачките музички инструменти се делат според материјалот од кој се изработени. Најчесто се изработени од дрво или метал (посребрена или позлатена), па затоа се делат на дрвени и лимени дувачки инструменти.



- Дрвени дувачки инструменти – традиционално се изработувале од дрво, но денес може да се изработуваат од метал или пластика. Поделбата на овие инструменти се определува според видот на усникот, односно начинот на добивање на звук. Тие се делат на следните подгрупи:
    - со слободен отвор → флејта и пиколо
    - со единечна трска, (со треперење на трската од едната страна) → кларинет, бас-кларинет и саксофон
    - со двојна трска (со треперење на двете трски) → обоа, англиски рог, фагот и контрафагот.
- Лимени дувачки инструменти – се изработуваат од метал. Звукот се создава со треперење на усните на изведувачот, во кружниот метален наусник. Во оваа група припаѓаат: труба, хорна, тромбон и туба.

Сите дувачки инструменти создаваат звук преку вибрации на воздухот во цевката (воздушен столб) – колку е подолг воздушниот столб, толку е понизок тонот и обратно. Дрвените дувачки инструменти имаат отвори и капачиња (клапни), а металните – вентили/цуг, со кои се скратува или продолжува патот на воздухот и се добиваат различни тонови. Материјалот влијае врз бојата на звукот – дрвото дава потопол, а металот попродорен звук. Исто така има разлика и во начинот на свирење – техниката на вдувнување на воздух во инструментот, начинот на свирење, жанровската застапеност и др.

- КЛАСИЧНИ ДУВАЧКИ ИНСТРУМЕНТИ
  - дрвени
    - флејта, пиколо
    - кларинет, бас-кларинет, саксофон
    - обоа, англиски рог, фагот, контрафагот
  - лимени
    - труба, хорна, тромбон, туба

## *ДОЗНАЈ **ПОВЕЌЕ!***

- Дувачките инструменти постојат уште од најстарите времиња. Првите примитивни флејти биле изработени од коски од животни, а некои научници веруваат дека тие се користеле и пред повеќе од 40.000 години.
- Лимените дувачки инструменти потекнуваат од сигнални труби кои се користеле во војни и свечености.
- Интересно е што флејтата и саксофонот, иако се изработени од метал, се сметаат за дрвени дувачки инструменти затоа што звукот го создаваат на ист начин како и другите инструменти од оваа група.

## *СЛУШАЈ **МУЗИКА!***

„Болеро" – М. Равел
(фрагменти со дувачки инструменти по избор на наставникот)
https://www.youtube.com/watch?v=cmNEvSFWftc

Симфонија бр. **9** во е-**moll** „Од Новиот Свет", **II** став - А. Дворжак
https://www.youtube.com/watch?v=pHyN3izk38c

„Колку убав свет"- исполнува Луис Армстронг
https://www.youtube.com/watch?v=VqhCQZaH4Vs

**Dzambo Agusevi Orchestra feat. - Hüsnü Şenlendirici - Taksim Dream**
https://www.youtube.com/watch?v=JBCzPFIwers

Обиди се да ги препознаеш дувачките инструменти во композициите. Воочи дали имаат солистичка или придружна улога, или се дел од оркестар. Размисли на кој музички жанр припаѓа секоја композиција и каква е атмосферата што се создава.

## *РАБОТЕН ЛИСТ - ДУВАЧКИ ИНСТРУМЕНТИ*

| **ЗНАМ** | **САКАМ ДА ЗНАМ** | **НАУЧИВ** | **СЛУШАВ / ПРОСЛЕДИВ** | **МИ БЕШЕ НАЈИНТЕРЕСНО** |
|---|---|---|---|---|
| Што веќе знам за дувачките инструменти? | Што би сакал/а да дознаам? | Кои нови информации ги научив од денешниот час? | Што слушав или проследив? Што ми беше интересно или ново? | Што најмногу ме изненади или ми беше неочекувано? |
| | | | | |

**Одговори на следните прашања:**

По што се разликуваат дрвените од лимените дувачки инструменти?

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Кој дувачки инструмент ти звучи најинтересно и зошто?

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Дали некогаш си гледал/а или слушал/а дувачки инструменти во живо? Опиши кога и каде.

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Како мислиш дека изгледале првите дувачки инструменти во праисторијата? За што ги користеле луѓето?

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

## ФЛЕЈТА

### ПОВТОРИ!

- Дали си видел/а или слушнал/а флејта или сличен инструмент? Што мислиш, како се добива звукот на флејтата? Дали флејтата спаѓа во дрвени или лимени дувачки инструменти?
- Опиши како изгледа флејтата.

### НАУЧИ!



Флејтата е еден од најстарите музички инструменти. Нејзиното потекло е од првобитната заедница, каде што се изработувала од коска, трска или дрво. Денес најчесто се изработува од метал (сребро, никел и сл.). Иако е од метал, припаѓа во групата на дрвени дувачки инструменти заради начинот на добивање на звукот .



Флејтата е дувачки инструмент со издолжена цилиндрична цевка на која има отвори со капачиња (клапни) кои се придвижуваат со механизам со лостови. Се држи хоризонтално: левата рака е блиску до усникот, десната подолу. Звукот се добива кога се вдувнува воздух под агол во усникот со слободен отвор. Воздухот струи низ цевката, а тоновите се менуваат со отворање и затворање на отворите.

Звукот на флејтата е светол, јасен и мек. Се користи како соло-инструмент, во камерна музика, дувачки ансамбли, симфониски оркестар, а исто така понекогаш и во џез, филмска музика и други жанрови на популарна музика.

### СЛУШАЈ МУЗИКА!

„Бадинера" – Ј. С. Бах

https://www.youtube.com/watch?v=Tv40mcAM1ZA

### ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ!

- Различни видови флејти се среќаваат како фолклорни инструменти во различни култури низ светот: бансури во Индија, ди во Кина, панова флејта во Јужна Америка, шакухачи во Јапонија и др.

  Сите имаат различен број на отвори и се свират на различен начин, но сите произведуваат сличен звук.
- Во филмската музика, флејтата често се користи за да се опише движење, леснотија, магија или мечтаење. Таа има способност да пренесе нежност и затоа често ја слушаме во сцени со природа, патување или фантазија.

# ПИКОЛО

## ПОВТОРИ!

- Што мислиш, дали постои инструмент кој звучи слично на флејтата, но е помал?
- Ако воздушниот столб е пократок, како ќе звучи инструментот, повисоко или пониско од флејтата?

## НАУЧИ!

Пиколо (итал. piccolo – „мал“) е најмал инструмент од семејството на дрвени дувачки инструменти. Иако изгледа како минијатурна флејта, речиси е половина од нејзината должина, има свој карактеристичен звук и произведува највисоки тонови во оркестарот – една октава повисоко од флејтата.






Обично инструментот пиколо е изработен од дрво, пластика или метал. Начинот на свирење е сличен со флејтата – се вдувнува воздух во слободниот отвор, а со прстите се отвораат и затвораат отворите.
Пиколото се држи хоризонтално, исто како и флејтата, а заради својата големина и интензитет на звукот, често се користи за истакнување на ефекти на светлина, брзина или возбуда.
Често се применува во симфониски и воен оркестар, а се среќава и во музиката за опери, балети и современа музика.

## СЛУШАЈ МУЗИКА!

„Светулки“ - Х. Бифтинк
https://www.youtube.com/watch?v=CWrYDnw1A9k

## ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ!

- Поради остриот и продорен звук, пиколото често се користи за да се имитираат звуци од природата – пеење на птиците, дување ветер и сл.
- Во многу симфонии, пиколото има важна солистичка улога во кулминациите. Иако е најмал инструмент, неговиот звук го пробива целиот оркестар.
- Во воените маршови и свечените паради, пиколото се користи заради тоа што може да се слушне и на отворено, и во голема гужва.

## *РАБОТЕН ЛИСТ- ФЛЕЈТА И ПИКОЛО*

|  | група | материјал | начин на свирење | примена |
|---|---|---|---|---|
| **флејта** | | | | |
| **пиколо** | | | | |

**Одговори на прашањата:**

Како се добива звукот кај флејтата и пиколото?

------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Зошто флејтата, иако е изработена од метал, се смета за дрвен дувачки инструмент?

------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Кога би бил/а композитор, во каква композиција би го употребил/а пиколото? Објасни зошто.

------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Задача:**

Замисли дека флејтата и пиколото се ликови во анимиран филм. Опиши ги нивните карактери (на пр. флејтата – смирена, елегантна; пиколото – весело, палаво...). Опиши ги со 2-3 реченици или нацртај ги!

# КЛАРИНЕТ

## ПОВТОРИ!

Што мислиш, што е „пластинка“ кај дувачките инструменти?
Дали кларинетот припаѓа во дрвени или лимени инструменти?

## НАУЧИ!

Кларинетот е дрвен дувачки инструмент со единечна пластинка, која вибрира кога се вдувнува воздух во усникот. Изработен е од абоносово дрво, кое е цврсто, темно и има добри акустични својства. Капачињата (клапните) и прстените што ги покриваат отворите се изработуваат од метал, понекогаш посребрени.





Кларинетот се држи вертикално, пред телото, а прстите на двете раце се поставени на отворите со механизми со кој се добиваат тоновите. Овој инструмент има богат тонски опсег – може да свири, длабоки тонови, меки тонови, високи и светли фрази.

Инструментот е составен од пет делови кои лесно се склопуваат.




Кларинетот се користи како соло-инструмент, во симфониски и дувачки оркестри, џез-ансамбли и камерна музика, а застапен е и во народната, и филмската музика.

## СЛУШАЈ МУЗИКА!

Концерт за кларинет во **A-dur** – В. А. Моцарт
(фрагменти по избор на наставникот)
https://www.youtube.com/watch?v=YT_63UntRJE&t=267s

## ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ!

- Кларинетот има повеќе „роднини“ во своето семејство – од малите сопран кларинети до бас и контрабас кларинети.
- Во џез-музиката, кларинетот бил еден од првите солистички инструменти, познат по свирење на брзи, разиграни мелодии.
- Во македонската народна музика, кларинетот често е носител на мелодискаталинија во народните ансамбли.

# *БАС-КЛАРИНЕТ*

### *ПОВТОРИ!*

Дали знаеш што значи зборот „бас“ во музиката?
Кој инструмент звучи пониско: кларинетот или бас кларинетот?
Зошто мислиш така?

### *НАУЧИ!*



Бас-кларинетот е поголем и подолг од кларинетот и има подлабок, потопол звук. Припаѓа на групата на дрвени дувачки инструменти со единечна пластинка, но се издвојува по својот изглед, звучност и улога во оркестарот.
Инструментот има свиткан метален дел кај усникот и долен завршеток со форма на ѕвоно, слично како кај саксофон. Изработен е од абоносово дрво и метал, а механизмот со кој се свири е од метал, а понекогаш и посребрен.
Бас-кларинетот се држи пред телото, со помош на ремен и потпирач, бидејќи е потежок. Се свири со вдувнување во усникот на кој е прицврстена единечната трска, исто како и кај кларинетот.



Се користи во симфониски и дувачките оркестри, камерна музика, а понекогаш и во некои популарни жанрови. Најчесто има придружна улога, но понекогаш има и солистички делови.

### *СЛУШАЈ МУЗИКА!*

**П. И. Чајковски - „Танцот на шеќерната вила“ од балетот „Оревокршачка“**
https://www.youtube.com/watch?v=IlBKWa_IoBE

### *ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ!*

- Бас-кларинетот има форма која ги поврзува карактеристиките на кларинетот и саксофонот. Неговиот горен дел со усник и пластинка потсетува на кларинет, додека долниот метален дел во форма на ѕвоно и свитканата цевка кај усникот наликуваат на саксофон. Поради тоа, често се вели дека по изглед и звучност, бас кларинетот се наоѓа помеѓу кларинетот и саксофонот.
- Бас-кларинетот има многу важна улога во оркестарот – тој го поврзува звукот на кларинетите со најдлабоките инструменти.
- Неговиот звук се користи во сцени кои создаваат мрачна, мистериозна или фантастична атмосфера – често се употребува во филмската музика и музиката за видеоигри.

# САКСОФОН

## ПОВТОРИ!

По изглед, саксофонот личи на лимен дувачки инструмент – но што мислиш, дали припаѓа во групата на дрвени или лимени дувачки инструменти?
Дали знаеш во кој жанр на музика најчесто го среќаваме саксофонот?

## НАУЧИ!



Саксофонот е еден од најпознатите и најпопуларни дувачки инструменти. Се изработува од месинг (жолт метал), а на него има отвори со клапни на кои се свири со прстите од двете раце. Иако е изработен од метал, тој припаѓа на групата дрвени дувачки инструменти, заради изведувачката техника – звукот се добива со единечна пластинка, исто како кај кларинетот и бас-кларинетот.

Инструментот го конструирал Адолф Сакс во 19 век. Замислен бил како инструмент што ќе ја обедини моќта на лимени инструменти со флексибилноста и топлината на дрвените. Денес постојат повеќе видови саксофони (сопран, алт, тенор, баритон), а најчесто се употребува алт и тенор-саксофон.



Саксофонот има богат, топол и разноврсен звук кој може да биде нежен, но и многу енергичен. Се користи во џез, поп и рок-музика, дувачки оркестри и во современа класична музика.

## СЛУШАЈ МУЗИКА!

Тема од „Пинк Пантер" – Х. Манчини
https://www.youtube.com/watch?v=oe_uqv5GNNw

Прв став од суитата „Зојкин стан" – Д. Бужаровски (Нинослав Димов – саксофон, Рита Трпчева – пијано)
https://www.youtube.com/watch?v=vxC1fDwOuVY

## ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ!

- Адолф Сакс сакал да создаде инструмент кој може да се слушне и покрај сите други во оркестарот, па саксофонот има многу продорен, но и мелодичен тон.
- Саксофонот е еден од најистакнатите инструменти во џезот, каде што музичарите импровизираат, експериментираат и создаваат препознатлив стил. Некои џез-саксофонисти се вистински ѕвезди во историјата на музиката.

## РАБОТЕН ЛИСТ - КЛАРИНЕТ, БАС-КЛАРИНЕТ И САКСОФОН

1. Напиши ✓ ако тврдењето е вистинито и ✗ ако е невистинито.

Кларинетот и саксофонот користат пластинка за создавање звук. ◯

Бас-кларинетот е пократок од обичниот кларинет. ◯

Саксофонот е лимен дувачки инструмент, според начинот на свирење. ◯

Кларинетот најчесто се изработува од дрво наречено абонос. ◯

Бас-кларинетот има метален завршеток сличен како кај саксофонот. ◯

2. Поврзи ги инструментите со нивните особини:

| инструменти: | особини: |
|---|---|
| Кларинет ● | ● Од метал е, но припаѓа на дрвени дувачки инструменти. |
| Бас кларинет ● | ● Долг е над 1 метар, има длабоки тонови. |
| Саксофон ● | ● Најчесто се изработува од дрво, има топол тон во среден регистар. |

3. Поврзи:







бас-кларинет кларинет

флејта саксофон пиколо





## ДРВЕНИ ДУВАЧКИ ИНСТРУМЕНТИ СО ДВОДЕЛНА ПЛАСТИНКА

# ОБОА

### ПОВТОРИ!

Кои се дрвени дувачки инструменти со еднодeлна пластинка?
Каков звук очекуваш од инструмент кој е сличен со кларинетот, но има дводелна пластинка?

### НАУЧИ!



Обоата е дрвен дувачки инструмент со дводелна пластинка, која вибрира кога се вдувнува воздух меѓу нејзините два слоја. Обоата е изработена од абоносово дрво, со прецизен метален механизам со отвори и клапни за изведување на тоновите.
По изглед, обоата е многу слична со кларинетот – речиси ја има истата должина и се држи вертикално при свирење. Но, има неколку важни разлики: На врвот нема усник како кај кларинетот, туку има дводелна пластинка (трска). Долниот дел на обоата завршува со помал, благо проширен крај.
По звучност, обоата има поостар, продорен и назален тон. Свирењето на обоа бара голема контрола при вдувнувањето воздух, бидејќи пластинката е чувствителна и реагира на најмали промени во притисокот на воздухот.



Обоата се користи најчесто во симфониски оркестри и камерни состави, каде што често има солистичка улога, благодарение на нејзината емотивна звучност. Исто така, има голем број композиции за соло-обоа.

### СЛУШАЈ МУЗИКА!

**Тема од балетот „Лебедово езеро“ - П. И. Чајковски**
https://www.youtube.com/watch?v=9cNQFB0TDfY

### ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ!

- Во симфонискиот оркестар, штимањето започнува со тон од обоата – тоа е традиција, бидејќи нејзиниот чист и стабилен тон им помага на другите инструменти да се наштимаат.
- Постојат слични инструменти со дводелна пластинка во различни култури – на пример, зурлата во македонската народна музика има сличен принцип на создавање звук.

# АНГЛИСКИ РОГ

## ПОВТОРИ!

Што мислиш, како би изгледал инструмент што е сличен на обоата, ама има подлабок звук? Дали воздушниот столб ќе биде подолг или пократок?
Дали името на инструментот секогаш кажува како изгледа тој? Што би очекувал/а од инструмент што се нарекува англиски рог?

## НАУЧИ!



Англискиот рог е дрвен дувачки инструмент со дводелна пластинка, исто како и обоата. Тие изгледаат многу слично – имаат тесно дрвено тело, метални клапни и ист начин на добивање звук, но се разликуваат по должината и звучниот регистар.
Англискиот рог е подолг од обоата. Како и кај обоата, звукот се добива со дводелна пластинка што се поставува на кратко метално цевче. Бидејќи инструментот е подолг, создава подлабоки, потивки и многу поетични тонови – за квинта пониско од обоата. Звукот често се опишува како топол, меланхоличен и длабок.
Инструментот се користи во симфониски оркестри, каде што често има соло улога во бавни и емотивни делови. Поради звучноста, композиторите го користат за длабоки мелодии кои звучат како да зборуваат без зборови.

## СЛУШАЈ МУЗИКА!

Симфонија бр. **9** во e-**moll „**Од Новиот Свет**“, II** став **-** А**.** Дворжак
https://www.youtube.com/watch?v=pHyN3izk38c

## ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ!

- Иако се нарекува „англиски рог“, овој инструмент не е рог и не потекнува од Англија. Името настанало по грешка во превод од стар француски, каде „англе“ (закривен) било протолкувано како „англеј“ (англиски).
- Едно од најпознатите сола за англиски рог е во вториот став од Симфонија бр. 9 „Од Новиот свет“ на Антонин Дворжак, каде инструментот „раскажува“ носталгична мелодија што многумина ја доживуваат како одраз на далечина и копнеж.
- Слични инструменти со дводелна пластинка постојат и во други музички традиции – на пример, италијанската „oboe da caccia“, користена во барокната музика, и е претходник на англискиот рог.



# ФАГОТ

## ПОВТОРИ!

Обоата и англискиот рог се држат вертикално. Што очекуваш за инструмент што е подолг од еден метар? Каков тон би очекувал/а од тој инструмент?

## НАУЧИ!



Фаготот е дрвен дувачки инструмент со дводелна пластинка. Иако и обоата и англискиот рог спаѓаат во истата група, фаготот се разликува по изглед, големина и длабочина на звукот.

На горниот дел има извиткана метална цевка, на која се прицврстува дводелната пластинка. Фаготот се изработува од јаворово дрво и има сложен механизам со клапни, што овозможува прецизно свирење на мелодии. Се свири со помош на специјален ремен околу вратот на инструменталистот, бидејќи е поголем и потежок од повеќето дрвени дувачки инструменти.

Звукот на фаготот е топол, длабок и богат, но може да биде и духовит и „музички зборлив“. Често се користи за драматични, емотивни или хумористични мелодии.



Фаготот е многу важен оркестарски инструмент. Се користи во симфониски оркестри, дувачки оркестри, камерни ансамбли, во соло-изведби, особено во делови каде се бара комично, иронично или нежно изразување.

## СЛУШАЈ МУЗИКА!

**„Сарабанда“ – Ј. С.** Бах

исполнува Ѓеорѓи Калајџиев

https://www.youtube.com/watch?v=97trjOwxhuo

## ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ!

Фаготот често е „гласот“ на нискиот регистар во камерните состави и симфониските оркестри. Неговиот длабок и препознатлив тон ја збогатува целокупната звучна слика.

- Фаготот често ја „игра“ улогата на комичар, но исто така може да биде и длабоко емоционален, што го прави многу функционален.
- Фаготот се користи во филмската музика за создавање мистериозни и драматични ефекти, како што може да се слушне во звучните записи на филмови како „Хари Потер“ и „Господар на прстените“.

# *КОНТРАФАГОТ*

## *ПОВТОРИ!*

Која е разликата помеѓу фаготот и други дрвени дувачки инструменти што користат дводелна пластинка?

Што мислиш, како должината на воздушниот столб влијае на висината на звукот?

## *НАУЧИ!*



Контрафагот е најдлабокиот дрвен дувачки инструмент и претставува варијанта на фаготот, со регистар понизок за една октава. Со тоа, тој ја достигнува најниската граница на звукот што го произведуваат оркестарските инструменти.

Поради неговата тежина и димензии, се поставува на потпирач, додека се свири.

Иако создава длабок и звучен басовски тон, подвижноста му е ограничена, па затоа многу ретко се користи како солистички инструмент.



Сепак, во симфонискиот оркестар има важна функција – често свири заедно со контрабасите, и додава длабочина и звучна тежина во најниските регистри. Наместо постојано да ја следи мелодијата, контрафагот најчесто се користи за ефекти и истакнување на посебни моменти во оркестарската музика.

## *СЛУШАЈ МУЗИКА!*

„Ода на радоста“ - Л.В.Бетовен – фрагмент (контрафагот)
https://www.youtube.com/watch?v=QgNoTOgVxSg

## *ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ!*

- Во филмската музика, контрафагот често се користи за создавање најдлабоки и најстрашни звуци, додавајќи ја драматичноста и интензитетот во сцените.
- Иако не е во прв план, неговиот уникатен звук е незаменлив за богатиот и комплетен звук на големите музички ансамбли.

## *РАБОТЕН ЛИСТ- ДРВЕНИ ДУВАЧКИ ИНСТРУМЕНТИ*

1. Поврзи го инструментот со неговата описна карактеристика. Напиши го бројот до соодветниот опис.

| **инструмент** | **опис** |
|---|---|
| 1. Контрафагот | А. Мали димензии, висок регистар, изглед сличен на флејта |
| 2. Пиколо | Б. Има најдлабок звук од дрвените дувачки инструменти |
| 3. Саксофон | В. Изработен е од метал, се користи во џез, но е дрвен дувачки инструмент |
| 4. Обоа | Г. Единечна пластинка, широко распространет, од класика до џез |
| 5. Кларинет | Д. Дводелна пластинка, дава интонација за штимање на оркестарот |

2. Погледни ги сликите со усници и под секоја напиши ја соодветната буква според видот на усникот.

А – слободен отвор
Б – единечна пластинка
В – дводелна пластинка







# ЛИМЕНИ ДУВАЧКИ ИНСТРУМЕНТИ

## ТРУБА

### ПОВТОРИ!

Како се делат дувачките инструменти?
Дали до сега си слушал/а композиција изведена од лимени дувачки инструменти?

### НАУЧИ!



Трубата е лимен дувачки инструмент со светол и продорен звук. Потекнува од антички сигнални инструменти, а денешната современа форма се развила во 19 век. Се состои од метална цевка, која е свиткана во компактен облик. Има три вентили и чашкест метален усник.



Се користи како солистички инструмент, но е дел и од симфониски и дувачки оркестри, џез ансамбли, воена музика, народна музика и сл.

### СЛУШАЈ МУЗИКА!

Варијации на темата од Белини – „Норма“, исполнува Алисон Балсом
https://www.youtube.com/watch?v=agAbVUux1F4

Валцер – исполнува Благоја Чешларов
https://www.youtube.com/watch?v=7vfCr9ANqhk

### ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ!

- Во многу делови од Балканот, па и во Македонија, трубата е дел од „блех музика“ – форма на изведба на народна музика со лимени дувачки инструменти, кои свират народни мелодии во маршовски или весел ритам. Најчесто, трубата ја води мелодијата и често изведува виртуозни украси.
- Во минатото, трубата се користела како војнички и церемонијален инструмент, бидејќи нејзиниот звук лесно се слушал на отворено. Се користела за сигнализирање напад, повлекување, славење на победа или почеток на денот. Токму поради оваа историска улога, таа сè уште се поврзува со свеченост и достоинство.
- Трубата може да користи придушувач (сордина) – додаток што се става во долниот дел на инструментот, за да се промени бојата на звукот. Се користи во џез и класична музика, особено во композиции каде се бара потивок, затворен или специфично обоен звук.

# ХОРНА

## ПОВТОРИ!

Кој е заедничкиот дел кај сите лимени дувачки инструменти каде што се вдувнува воздухот?
Како се менува висината на тоновите кај лимените инструменти?
Дали хорната има механизам со вентили како другите лимени инструменти?

## НАУЧИ!

Хорната е лимен дувачки инструмент со мек и топол звук, кој лесно се вклопува со другите инструменти. Се состои од цевка која е свиткана во кружна форма, со чашкест усник и инкест дел, насочен station наназад. Се свири со левата рака на вентилите, додека десната рака понекогаш се вметнува во завршниот дел за контролирање на бојата на звукот.





Хорната потекнува од ловечки рог и со текот на времето еволуирала во оркестарски инструмент со широк регистар. Денес се користи во симфониски и камерни состави, филмска музика, а понекогаш во џез. Нејзиниот звук кој е динамички раскошен се поврзува со мистични и поетични амбиенти, но и за сигнални и драмски акценти.

## СЛУШАЈ МУЗИКА!

Концерт за хорна и оркестар во **Es-dur** – **В. А.** Моцарт
https://www.youtube.com/watch?v=5-rEtIufKL8

## ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ!

- Првобитната функција на ловечкиот рог, од кој потекнува хорната, не била музичка – тој се користел како сигнален инструмент за лов. Се верува дека звукот на рогот ги вознемирувал животните, поради што тие се раздвижувале, што го правело ловот поуспешен.
- Во европските кралски дворови, ловечките рогови постепено станале дел од церемонии и свечености, па со текот на времето биле усовршени и прераснале во хорна – инструмент со богата динамика и длабока звучна боја.

# ТРОМБОН

## ПОВТОРИ!

Кои делови на лимени дувачки инструменти ти се најкарактеристични?
Според претходното знаење, кои лимени инструменти имаат вентили, а кои подвижна цевка?

## НАУЧИ!



Тромбонот е лимен дувачки инструмент со долга цевка, со форма на бувата U и подвижна цевка (цуг). Со извлекување и вовлекување на подвижната цевка, се менува висината на тоновите. Има седум позиции на подвижната цевка, со што се продолжува или скратува воздушниот пат. На тој начин се добиваат тоновите. Тромбонот има широк тонски обем од четири октави. Звукот е силен, полн, блескав и драматичен.



Се користи како солистички инструмент, но и во симфониски оркестри, дувачки оркестри, џез-состави. Препознатлив е по сериозниот, но и весело илустративен карактер – особено во детската, филмската и театарската музика.

## СЛУШАЈ МУЗИКА!

„Елегија” – Д. Ѓаконовски-Шпато
(Кирил Рибарски – тромбон со Танцов оркестар на МТВ)
https://www.youtube.com/watch?v=ohHrZf3JMug

## ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ!

- Тромбонот е единствениот лимен дувачки инструмент кој користи подвижна цевка. Тоа му овозможува непрекинато поврзување помеѓу тоновите, карактеристика која е ретка кај другите дувачки инструменти.
- Во 19 век се појавил тромбон со вентили, но и покрај тоа што овозможува полесно свирење, најзастапен останува традиционалниот тромбон со подвижна цевка, поради својата звучна и техничка супериорност.
- Во џез музиката, тромбонот е познат по својата динамичност и енергичност. Се користи за импровизации и соло-настапи.
- Во филмската музика тромбонот често ја нагласува драмата, храброста и напнатоста, создавајќи возбудливи и моќни моменти.

# ТУБА

## ПОВТОРИ!

Кој гудачки инструмент има највисоки и најподвижни тонови? Кој лимен дувачки инструмент има слична улога на водечка линија како виолината?
Ако контрабасот свири најдлабоки тонови кај гудачките, кој инструмент ја има таа улога кај лимените дувачки инструменти?
Размисли: Секој инструмент, без разлика од која група потекнува, има своја улога во создавање на целосниот музички пејзаж. Виолината и трубата често ја водат мелодијата, додека контрабасот и тубата градат темел.

## НАУЧИ!

Тубата е најголемиот лимен дувачки инструмент, со цевка долга повеќе од 5 метри, свиткана во конечната форма. Има чашкест усник и три или четири вентили за изведување на тоновите. Звукот е моќен, масивен и длабок, што ја прави основа на басовата линија во оркестрите.





Тубата се користи во симфониски и дувачки оркестри, џез-ансамбли и воена музика, каде ја обезбедува хармонската поддршка.

## СЛУШАЈ МУЗИКА!

**„**Петрушка**” 4** слика**: „**Селанинот со мечката**“ (**туба**) –** И**.** Стравински
https://www.youtube.com/watch?v=WgkdNcGsWLM

Токата и фуга во **d-moll – J.**C**.** Бах **/** за дувачки квинтет
(2 труби, хорна, тромбон и туба)
https://www.youtube.com/watch?v=pX0Jhk6e2Uw

## ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ!

- Тубата е измислена релативно доцна, во 19 век, за да ја пополни долната звучна линија кај лимените инструменти. Благодарение на својот моќен басов регистар, станала незаменлив дел од дувачките и симфониските оркестри, како и од воените и марширачките бендови.
- Постојат различни видови туби, како контрабас-туба, бас-туба и тенор-туба, секоја со свој регистар и примена.
- Во анимации и филмови, тубата често се користи за да долови комични ликови, тежина, или неочекуваност, благодарение на нејзиниот „тежок“ и длабок звук.

# РАБОТЕН ЛИСТ- ЛИМЕНИ ДУВАЧКИ ИНСТРУМЕНТИ

1. Следните инструменти подреди ги по звучност со редни броеви – 1 највисок до 4 со најдлабок тон

хорна    туба    труба    тромбон

2. Препознај го инструментот!









3. Замисли дека подготвуваш постер за оркестар од лимени дувачки инструменти. Што би напишал/а за секој инструмент (еден збор или фраза што го опишува неговиот карактер):

Труба: ____________________    Тромбон: ____________________

Туба: ____________________    Хорна: ____________________

4. Што мислиш, како лимените инструменти свират развиени мелодии, а имаат најчесто, само три вентили?

- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -

# ДУВАЧКИ СОСТАВИ И ОРКЕСТРИ

**ПОВТОРИ!**

Кои се групите на дувачки инструменти и по што се разликуваат меѓусебно?
Кој инструмент произведува најниски, а кој највисоки тонови во секоја група?

**НАУЧИ!**

Дувачките инструменти, заради својот богат тонален опсег, специфичен карактер и звучна јачина, се користат во многубројни музички состави и жанрови. Од камерна до маршовска музика, од симфониска музика до џез и поп, улогата на дувачките инструменти постојано се адаптира според стилот, амбиентот и намената.



Камерна музика – мали ансамбли со голема изразност.
Во камерната музика, дувачките инструменти се користат во дувачко дуо, трио, квартет, квинтет и сл. Секој инструмент има независна улога и често звучи како солист. Рамнотежата меѓу делниците и блиската комуникација меѓу изведувачите се клучни елементи.

Дувачки оркестри – парада, марш, концерт. Дувачкиот оркестар е составен најчесто од дувачки и ударни инструменти. Може да биде:
Парадно-церемонијален – за свечени настани, маршови, воени паради, национални прослави. Најчесто се свири на отворен простор, со репертоар од маршови, химни и пригодна музика.
Концертен дувачки оркестар – со проширен состав и репертоар кој вклучува класични транскрипции, современа музика, филмска музика и популарни мелодии. Настапува најчесто во концертни сали.





Симфониски оркестар – рамнотежа меѓу сите инструменти.
Во симфонискиот оркестар, дувачките инструменти имаат неколку улоги: звучна разноликост – даваат боја и контраст на звукот; хармонска поддршка – ги надополнуваат жичените инструменти; солистички моменти – особено флејтата, обоата, кларинетот и хорната, често добиваат солистички делници; драматични ефекти – преку оркестарски градации, акценти и динамика.

Популарни состави – флексибилна примена на дувачи. Во музиката од 20 и 21 век, дувачките инструменти се значаен дел и од популарната сцена. Ги среќаваме во:

Џез-бендови и биг-бендови – со труби, тромбони, саксофони и ритам секција. Секоја група има одредена улога: труби за високи линии и ефекти, тромбони за средишна густина, саксофони за мелодија и хармонија.

Латино и боса нова ансамбли – најчесто користат труби и саксофони како дел од хармонијата, ритамот и импровизацијата.

Рок и фанк состави – труба и саксофон се додаваат најчесто за енергични делови и соло-делници.

Танцов оркестар – специфичен за забавна музика, со мешани групи на инструменти (клавијатури, бас, тапани, дувачи, вокали). Дувачките инструменти во овој контекст често се користат за кратки пасажи, соло-делници, импровизации.







## СЛУШАЈ **МУЗИКА!**

**„Chattanooga Choo Choo“ - Glenn Miller**
https://www.youtube.com/watch?v=V2aj0zhXlLA

Фолклорни канони за дувачки квинтет – Б. Цанев, исполнуваат Страшо Темков (флејта), Гордана Јосифова (обоа),Стојан Димов (кларинет), Слободан Костурски (хорна), Ванчо Стојановски (фагот)
https://www.youtube.com/watch?v=6k6PbVzfgDY

„Идила" - Ревиски оркестар на МРТ (Драган Ѓаконовски – Шпато)
https://www.youtube.com/watch?v=DfeW-KngHMg

## ДОЗНАЈ **ПОВЕЌЕ!**

- Најголемиот параден дувачки оркестар во светот броел над 20.000 музичари и настапил во Јапонија. Овие оркестри често маршираат синхронизирано додека свират, а тоа бара не само музичка, туку и физичка координација.
- Во биг-бендовите, саксофоните често се повеќегласни, што значи дека секој свири различна линија во хармонија.
- Во златната ера на танцовите оркестри (1930–1950), некои ансамбли свиреле цели вечери, без ниту една пауза. Членовите се менувале во текот на настапот, а дувачите често свиреле стоечки за поголем ефект и контакт со публиката.
- Иако хорната е лимен дувачки инструмент, таа е редовен член на дувачкиот квинтет со дрвени дувачки инструменти, заради нејзината звучна боја која е мост меѓу дрвените и лимените дувачки инструменти.

## МУЗИЧКИ ЖАНРОВИ- боса нова, свинг и биг-бенд

**ПОВТОРИ!**

Кои музички жанрови веќе ги запознавме?
Што е заедничко, а што различно меѓу класична, народна и поп-музика?
Кој жанр најмногу се менувал низ времето? Што го прави еден жанр препознатлив?

**НАУЧИ!**

Боса нова – нежниот бразилски ритам.

Боса нова значи „нов бран“ на португалски (официјален јазик во Бразил). Жанрот се појавил во Бразил во 1950-тите години и е комбинација на самба и џез. Музиката е мека, романтична, тивка, со специфичен ритам на гитара, тивки перкусии и нежно пеење, често со слободен израз и поетски текстови. Главни карактеристики се: лежерно темпо, комплексни хармонии (слично на џез), тивка и елегантна атмосфера, често со вокали што „шепотат“.

**СЛУШАЈ МУЗИКА!**



**João Gilberto – O Pato** (саксофон, флејта)
https://www.youtube.com/watch?v=JB28oT6KyIY

Свинг – музика за танц и движење.

Свингот е стил на џез што се појавил во 1930-тите во САД. Свингот бил главниот звук на танцовите сали, со големи бендови и карактеристични мелодии. Главни карактеристики се: нагласена ритмичност, весел и танцов карактер, многу импровизации, инструментален дијалог меѓу инструменталните секции.

**СЛУШАЈ МУЗИКА!**



**Swing Out! 1940s Dancing**
https://www.youtube.com/watch?v=I9zHYkKoL4A

Биг- бенд – голем оркестар за џез и шоу.

Биг-бенд е голем ансамбл со дувачки секции (труби, тромбони, саксофони), ритам секција (тапани, бас, клавир, гитара) и понекогаш вокал. Биг-бендовите биле популарни во ерата на свингот, но и денес постојат како џез-оркестри. Тие свират аранжирана музика, но често има простор за солистички импровизации. Главни карактеристики се: состав од 12 до 20 музичари, јасно организирана структура (секции), комбинирана оркестрација со џез, често во составот има вокалист.

**СЛУШАЈ МУЗИКА!**



„Акварел“ – К. Костов, биг-бенд на МРТ
https://www.youtube.com/watch?v=Xenbm7Ru3LQ

Откако ги запознавме дувачките инструменти и нивната примена во различни состави, сега ги слушнавме и во конкретни жанрови. Преку боса нова, свинг и биг-бенд, откривме како дувачките инструменти создаваат различен карактер и енергија. Со ова, не само што ги препознавме во нови стилови, туку и научивме како жанрот влијае на начинот на кој инструментот „зборува“ со слушателот.

## ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ!

- Во боса нова, саксофонот често свири како да зборува тивко – што е сосема различно од неговата улога во свингот.
- Во свингот, најдобрите саксофонисти и трубачи биле толку познати што имале свои турнеи и фанови како рок-ѕвезди.
- Биг-бендовите биле толку популарни што имале сопствени радио-шоу програми во живо, што ги слушале милиони луѓе секоја недела.
- Многу класични дувачки инструменти, како фагот или обоа, не се користат во овие жанрови. Тие бараат поинаква техника и стил.

## ЗАДАЧИ ЗА САМОСТОЈНО ИЛИ ГРУПНО ИСТРАЖУВАЊЕ

Истражувај самостојно или во група и сподели ги сознанијата со останатите ученици. Можете да изработите постер или презентација.

**1.** Животот на инструментот

Избери еден дувачки инструмент што се користи во боса нова, свинг или биг-бенд (на пример: саксофон, труба, кларинет, тромбон). Истражи: Кога и каде се појавил? Кој е најпознатиот изведувач на тој инструмент во еден од жанровите? Во кои други жанрови можеме да го слушнеме?

**2.** Жанрот низ времето

Истражи како се развивал еден од трите жанрови (боса нова, свинг или биг-бенд); Каде и кога се појавил? Како изгледале првите ансамбли? Дали денес сè уште се изведува и како?

**3.** Жените во музиката

Истражи дали има познати женски инструменталисти или вокалистки во жанровите што ги изучуваме. Каква улога имале жените во биг-бендот во минатото? Дали има денес успешни женски бендови со дувачки инструменти?

**4.** Балканска верзија

Истражи дали во македонската или балканската музичка сцена постојат групи или музичари кои користат елементи на свинг, боса нова или биг-бенд.

**5.** Пронајди композиција

Пронајди музичка композиција од еден од жанровите: слушај ја внимателно, опиши ја во неколку реченици, објасни зошто сметаш дека припаѓа на тој жанр и препорачај ја на останатите ученици.

## НАРОДНИ ДУВАЧКИ ИНСТРУМЕНТИ

***ПОВТОРИ!***

Што е воздушен столб и каква улога има во создавањето на звукот кај дувачките инструменти? Како се менува висината на тоновите кај дувачките инструменти?

Кои народни дувачки инструменти ги имаш слушнато или видено досега?

***НАУЧИ!***

Претходно се запознавме со начинот на добивање звук кај класичните дувачки инструменти кој се создава преку вибрации на воздухот во нивната внатрешност.

Сличен принцип се применува и кај народните дувачки инструменти. Иако тие немаат прецизна механика како класичните (на пр. капачиња или вентили), ја користат едноставноста на природните материјали и вештината на изведувачот за да создадат богат и препознатлив звук.

Народните дувачки инструменти се дел од народната музичка традиција. Начинот на изработка и свирење се пренесува низ генерации по пат на усно предание. Изработени се од природни материјали кои се достапни во непосредното опкружување: дрво, трска, рогови, животинска кожа и сл.

Во македонската народна музичка традиција постојат многу видови народни дувачки инструменти. Тие се појавуваат во различни варијанти, зависно од регионот, мајсторот кој ги изработил и музичките обичаи на заедницата. Сепак, неколку инструменти се најчесто застапени низ целата земја и се сметаат за најкарактеристични: кавал, гајда, зурла, шупелка, дудук, двојанка и др.

### КАВАЛ



Кавалот е еден од најстарите и најраспространети народни дувачки инструменти во Македонија и на Балканот. Неговото потекло се поврзува со овчарската традиција, каде што бил користен не само за музика, туку и како средство за комуникација меѓу луѓето и природата. Најчесто се изведува соло, но и во состави со други народни инструменти.

Изработен е од цврсто дрво (дрен, јавор или даб) и има форма на долга, цилиндрична цевка, отворена од двете страни. По должината на инструментот има седум отвори и еден од внатрешната страна, кои му овозможуваат на изведувачот да произведе различни тонови и мелодии. Горниот крај на кавалот е косо засечен. При свирење изведувачот вдувнува воздух кој се насочува кон остриот раб на внатрешната страна од отворот. Токму таму се создава вибрацијата што го произведува звукот. Се држи со двете раце, благо наведнат на левата страна, во речиси вертикална положба.

Звукот што го создава кавалот е мек и лиричен, често носталгичен. Благодарение на природните материјали и отсуството на механички делови, кавалот има топла боја на тонот и можност за изразување многу емоции. Искусните изведувачи умеат да создадат богата палета на украси, „глисанда“ (**лизгање на звукот** од една нота кон друга, при што се слушаат сите меѓутонови помеѓу нив) и варијации во изведбата, што го прави овој инструмент особено впечатлив.

## ГАЈДА

Гајдата претставува симбол на колективното музицирање, чиј силен и프 проникли звук традиционално го придружува орото и народните веселби. Се состои од неколку делови: мев од јарешка или овча кожа, дувало низ кое се вдувнува воздухот, гајдарка – дрвена цевка со отвори за свирење, и брчало – цевка која создава постојан бордунски тон. Дрвените делови се прават од цврсто дрво, а трските што треперат и создаваат звук се од шуплива трска или метал. За да функционира исправно, гајдата мора прецизно да биде составена и внимателно изработена.




Мевот служи како резервоар за воздух и овозможува непрекинат тон, што е карактеристично за овој инструмент.

Пред да почне да свири, изведувачот вдувнува воздух во мевот, а потоа тој воздух се потиснува со притисок од подлактицата низ деловите на инструментот. Звукот е гласен, интензивен и остар. Овој типичен звучен ефект ѝ дава на гајдата моќна и препознатлива звучна слика.

## ЗУРЛА



Зурлата е традиционален народен дувачки инструмент со силен, продорен и остар звук, кој најчесто се користи во свечени пригоди и на отворено. Обично свират две зурли – едната ја изведува главната мелодија, а другата одржува постојан тон како подлога надополнети од ритмичка придружба на тапанот.

Изработена е од цврсто дрво (даб, јавор, јасен) и има конусна форма. Инструментот може да биде изработен во различни должини, што влијае на висината и бојата на звукот. На горниот крај се наоѓа медник — метален прстен што ја држи трската, и славец — дрвен дел со отвор низ кој се вдувнува воздухот. Во медникот е поставена двојазична трска која трепери при дување и го создава звукот. Со помош на циркуларно дишење, изведувачот може да одржува континуиран тон без прекин.

По должината на зурлата има седум отвори за прстите и еден за палецот, а на крајот е резонаторот — проширен отвор кој го засилува и проектира звукот. Дополнителните отвори на долниот дел служат за порамнување на интонацијата и изедначување на бојата на тонот. Звукот на зурлата е гласен, продорен и препознатлив, што ја прави погодна за народни прослави, свадби и собири.

## ШУПЕЛКА



Шупелката е народен дувачки инструмент со права, цевчеста форма и отвор на двата краја. Слична е на кавалот, но со помали димензии и посветол тон. На горниот дел има засечен отвор што го насочува воздухот и создава вибрации. Звукот е јасен и лесно продорлив. Најчесто се користи за едноставни мелодии во овчарската и детската традиција, а може да се сретне и во народни состави.

## ДУДУК



Дудукот е народен дувачки инструмент со цилиндрична форма, чија цевка е малку поширока од онаа на шупелката, што му дава топол и богат тон. Се свири со дување во горниот дел на инструментот, а по должината има отвори за прстите кои овозможуваат изведба на различни тонови. Дудукот најчесто се користи за тажни или обредни мелодии, како соло инструмент или во помали состави и претставува значаен дел од македонската музичка традиција.

## ДВОЈАНКА



Двојанката е дувачки инструмент со две паралелни, споени дрвени цевки. По големина е сличен на шупелката. Во едната цевка се свири мелодија, а во другата се одржува постојан бордунски тон, со што се создава впечаток на двогласие. Се дува истовремено во двете цевки преку заеднички отвор со внатрешна јазичка. Звукот е јасен, светол и полн, со топол двоен тон што остава пријатен впечаток.

Покрај најзастапените народни инструменти во македонската фолклорна традиција, постојат и други дувачки инструменти, кои поретко се среќаваат, но сепак го надополнуваат музичкиот пејзаж на нашата култура.

Еден од најинтересните е **дромбуљата** – мал, едноставен инструмент кој не функционира преку воздушен столб, туку преку метална прачка што вибрира меѓу забите. Звукот се добива така што се придржува инструментот со забите, а со прстите се повлекува флексибилна лента, што создава треперење.

Се среќаваат и детски народни инструменти, кои се изработени од природни материјали и се користат како музички играчки или симболични инструменти: свирки изработени од лушпа, кора или трска, шишарки и мали рогови кои создаваат звук при дување, импровизирани шупелки со неколку дупки, направени од леска или трска. Овие инструменти, иако едноставни, имаат важна едукативна и ритуална улога, бидејќи ги воведуваат децата во светот на музиката и ја одржуваат традицијата.

Слични варијанти на вакви инструменти се среќаваат и кај другите народи на Балканот, секој со свои посебности, но со заедничка основа: природен материјал, рачна изработка и пренесување на вековната традиција.

## ЗВУЦИ ШТО НЀ ЗБЛИЖУВААТ

Музиката е јазик што сите го разбираме – таа не прашува кој си, од каде си или на кој јазик зборуваш. Особено народната музика – таа е ткаена од љубов, страдање, радост и мудрост, пренесена од колено на колено. Во Македонија живеат повеќе народи и секој од нив има своја музичка традиција, но сите тие звуци се блиски, се преплетуваат, се надополнуваат.

Многу народни инструменти што ги сметаме за „наши“ имаат блиски или слични форми и кај другите народи. Ова не значи дека некој некому „му го зел“ инструментот – туку дека звуците патувале со луѓето, со животот, со обичаите, и оставиле свои траги кај секого.

На пример, кавалот го има и кај Албанците (кавал, фјел – подолга варијанта), кај Турците (неј), кај Србите и Бошњаците (кавал), па и во Грција и Бугарија.

Гајдата, традиционален македонски инструмент се среќава и како тулаум кај Турците, гајда кај Власите и Србите, мјешина кај Босанците.

Зурлата, со својата продорна сила, се користи кај Турци, Албанци, Роми и Босанците, а се среќава под називот сурна, зурна или карамуза.

Дудукот, со својот мек, длабок тон, има сродници кај Ерменците, кај Ромите и Власите, но и кај Босанците во некои рурални средини.

Шупелката, едноставен дрвен инструмент, се среќава под разни имиња – фрула, фјел, шелитка, пипза, ќулумба и има свое место кај сите народи.

Двојанката е слична и на српската, и на влашката двојка.

Дромбуљата, најневообичаениот инструмент, има верзии кај речиси сите балкански народи – со различни имиња, но со исто изненадување и восхит кај децата.

Ова богатство на звучни сличности покажува дека нашата земја има богатство од звуци, каде културата не живее во рамки, туку во срцето на луѓето. Народната музика не е само наследство – таа е жив доказ дека сме различни, но блиски.








## *НАРОДНИ СОСТАВИ, АНСАМБЛИ И ОРКЕСТРИ*

Народните инструменти, иако едноставни по градба, имаат богата примена и важна музичка улога – од солистички израз, преку ансамбли, до сложени сценски народни оркестри што го претставуваат богатството на традицијата.

Народните музички инструменти се користат за свадби, слави, собири, празници, различни обреди и секојдневни настани во традиционалниот живот. Во зависност од потребата и музичката намена, инструментите се групираат во состави и оркестри.

Како состави, најчесто се вклучуваат два или три инструменти: гајда и тапан, две зурли и тапан, кавал и тамбура, шупелка и глас и сл.

Во народната музика, чести се ансамблите со комбинирани инструменти. Овие ансамбли се користат за народни веселби, собири и ора на отворено. Звукот е силен, ритмичен и лесно се пренесува низ простор. Во фолклорните ансамбли се користат поголеми состави кои вклучуваат: дувачки инструменти (гајда, кавал, зурла, двојанка), жичани инструменти (тамбура, ќемане, гусла), удиралки (тапан, тарабука, дајре).

Народните оркестри претставуваат организирани музички состави кои изведуваат традиционална народна музика, со примена на автентични народни инструменти или нивни адаптирани форми. За разлика од класичниот симфониски оркестар, народните оркестри се флексибилни со богат ритам, боја и темперамент. Во зависност од регионалната традиција, репертоарот и намената, народните оркестри можат да бидат со различна големина и состав.

Народните оркестри ја претставуваат живата традиција – тие не само што ја чуваат музиката од заборав, туку и ја адаптираат, пренесуваат и обновуваат, прилагодувајќи ја на современото време. Тоа е музичка средба на стариот звук и новото слушање.



## РАБОТЕН ЛИСТ - НАРОДНИ ДУВАЧКИ ИНСТРУМЕНТИ

1. Напиши го името на секој инструмент што е прикажан на сликата.

    

2. Обележи го со ✓ точниот одговор:

а) Кој инструмент има две паралелни цевки?
кавал двојанка шупелка

б) Од кој материјал најчесто се изработува дудукот?
метал дрво пластика

в) Кој од народните инструменти има мев?
зурлата кавалот гајдата

3. Размисли, одговори, дискутирај!

Која е улогата на усното предание во зачувувањето на музичката традиција?

---------------------------------------------------------------------------

Зошто е важно да се чуваат и користат традиционалните народни инструменти во современото општество?

---------------------------------------------------------------------------

Како различните етнички заедници влијаат врз разновидноста на народните дувачки инструменти и фолклорот во нашата држава?

---------------------------------------------------------------------------

Како може музиката со народни дувачки инструменти да ги поврзе луѓето од различни култури и генерации?

---------------------------------------------------------------------------

## *СИТЕ НАШИ ЗВУЦИ*

„Гајдарско оро“, изведува Пеце Атанасовски (гајда)

https://www.youtube.com/watch?v=elriz1OZIeA

„Македонија“, во изведба на ансамблот „Стевче Стојковски“ (гајда)

https://www.youtube.com/watch?v=DctHGN2LcyY

„Шарпланинска езгија“, во изведба на Миле Коларовски (кавал)

https://www.youtube.com/watch?v=mnczoYhDx3I

„Ора на шупелка“, во изведба на Народниот оркестар при ансамблот „Танец“

https://www.youtube.com/watch?v=d5u79vKpur4

„Тешкото оро“, во изведба на „Танец “ (зурли и тапани)

https://www.youtube.com/watch?v=Yq0bx552VkA

„Пиринско оро“ - Оркестар на народни инструменти

https://www.youtube.com/watch?v=E6V1ke9wmmg

Две ора отсвирени на двојница, Симеон Георгиев Терзиски, Колекција Пенушлиски

https://www.youtube.com/watch
v=HpDLPFV9qL0&list=PLmhLnBvrmnEM5nNm804xWQ_jYuyLELRNjo&index=9&t=196s

**„Moj Kala“ (The Castle) – „**Тврдина**“, Adnan Aliu & Emin Xhaferi**

https://www.youtube.com/watch?v=EjFJT2G_XPI

- **„Oda me tavan“ fyell, gajde, daulle/„**Соба со таван**“, trio Adnan Aliu & Emin Xhaferi**

https://www.youtube.com/watch?v=0ab-eiIYgyc

**„Melodi Instrumentale“/„**Инструментална мелодија**“- Qifteli, Sharki, Kavall, Fyell, Def/** чифтелија, шаркија, кавал, фрула и деф (дајре)

https://www.youtube.com/watch?v=yDjSD6j_Mjo-**„Instrumentale“- fyell dhe cifteli/** „Инструментална“- фрула и чифтелија

https://www.youtube.com/watch?v=B2z8fXCHdoM

**„Uyan ey gözlerim”/ „**Мојте очи разбудете се**“ – Ali Ufki Bey/**Али Уфки Беј, исполнува **Eyüp Hamiş & Cihat Akyıldız** (нej и класична гитара)

https://www.youtube.com/watch?v=6jNETh53Hq8&list=PLFC9B714E4D166957

**Bülbülüm Altın Kafeste“ /„**Славејче во златен кафез**“,**исполнува **Süleyman Yardım/** Сулејман Јардʼм (неј и танбур) https://www.youtube.com/watch?v=cJ1w-ENR4-w Влашка мелодија кавали https://www.youtube.com/watch?v=UWZa73yQ8dk Мегленски Власи – ора и песни, ансамбл „Бојмија“

https://www.youtube.com/watch?v=YSKoYsV9aJg

„Српска свита“ – исполнува Бора Дугиħ (фрула)

https://www.youtube.com/watch?v=emEYzxLpc04

Српски народни инструменти https://www.youtube.com/@SerbskaRadionica

Влашки народни инструменти https://www.youtube.com/watch?v=8tQQfahPyPk

# ОРСКА НАРОДНА ТРАДИЦИЈА

**ПОВТОРИ!**

Што знаеш за врската меѓу народните песни, народните инструменти и танцувањето во народната традиција? Кога луѓето свират и пеат, дали често и танцуваат? Зошто? Во кои пригоди луѓето изведуваат народни песни и ора?

**НАУЧИ!**

### Танцот како културен израз

Танцот е еден од најстарите и најуниверзалните начини преку кои луѓето се изразуваат. Тој не е само движење, туку и начин за комуникација, дружење и уметничко и духовно изразување. Во различни народи, танцот се користи за обреди, празнувања или забава. Скоро секогаш е поврзан со музиката и има важна улога во зачувување на културното наследство и зајакнување на заедничкиот идентитет.

### Општи карактеристики на македонската орска традиција

Во македонската традиција, ората се особено значајни. Најчесто се играат во група, во полукруг (отворен круг), од лево кон десно, со ороводец на почетокот и опашкар на крајот. Чекорите се разновидни, со богата орнаментика и сложени ритми, што ја покажува музичката и културната посебност на секој крај.



Во различни средини, орото може да има кружна (затворен круг), змијовидна, линиска или паровна форма. Темпото варира од бавни и достоинствени до брзи чекори, со прост или сложен ритам.

Според составот на играорци, ората можат да бидат машки, женски и мешани со определен или неопределен број на учесници. Меѓусебно играорците се поврзуваат фатени на рамо, за појас, за овчарски стап (крлук), за малите прсти, со шамивче и сл.

Иако најчесто се движат од лево кон десно, некои ора се движат и обратно, особено во западните краишта.

Орото не е само игра – тоа е начин за пренесување на традицијата, историјата, вредностите и чувството на заедништво.

### Поделба на македонските ора

Македонските ора најчесто се делат според:

- <u>Региони</u>**:** секој регион има свои стилски карактеристики. Постојат пет играорни подрачја: западно, југозападно, јужно, источно и северно играорно подрачје.
- <u>Намена и функција</u>**:**
    - Соборски ора – за веселби, собири, празници;
    - Обредни ора – поврзани со ритуали, обичаи, магиски или верски значења.

# СОБОРСКИ ОРА

Соборските ора се играат на весели настани: празници, слави, собири и др. Нивната цел е да ја изразат радоста, да ги зближат луѓето и да го одбележат заедништвото во заедницата. Ората може да бидат отворени (со почеток и крај) или затворени (во круг), во форма на линија, змијовидно, па дури и спирално оро. Орото го води ороводецот кој го задава чекорот и ја води играта, а на крај стои опашкарот, кој внимава на редот. Ваквата форма симболизира ред, структура и заедничко движење, а покажува и како секој играорец има свое место и улога во групата. Соборските ора можат да бидат: машки, женски и мешани.

Машки ора

Машките ора се изведуваат со цврсти, одлучни чекори и нагласени движења. Тие ја истакнуваат храброста, борбеноста и заедништвото. Играорците се држат за појас, за рамо, за рака или за крлук (овчарски стап) и се движат во силен и достоинствен ритам. Примери за машки ора се: Тешкото, Копачка, Поступано, Чучук и др.





Женски ора

Женските ора се одликуваат со лесни, префинети и усогласени движења, кои ја истакнуваат грациозноста на играорките. Тие се држат за раце, за малите прсти, шамивче и сл. Овие ора симболизираат добрина, елеганција, скромност и убавина. Примери за женски ора се: Женско чамче, Водарки, Беровка, Баба Ѓурѓа и др.

Мешани ора

Мешаните ора ги изведуваат заедно и мажи, и жени, со умерени и усогласени чекори. Играорците обично се држат за раце или преку шамивче, во склад со локалната традиција. Овие ора го изразуваат заедништвото, слогата и соживотот, и симболизираат љубов, хармонија и единство во заедницата. Примери за мешани ора се: Драчевка, Ратевка, Лисолај, Сирто и др.



# ОБРЕДНИ ОРА

Обредните ора се изведуваат во посебни моменти во животот или во текот на годината. Тие имаат магиска и симболична функција – се играат за здравје, плодност, среќа или заштита. Најчесто се дел од свадби, празници или стари верувања.

Машка поворка

Машките поворки (Џоломари, Ешкари, Бабари, Мечкари, Русалии и др.) се обредни групи што настапуваат маскирани, изведувајќи енергични и обредно-насочени игри. Најчесто се изведуваат во зимскиот обреден циклус, од Божиќ до Водици. Се верува дека со движењата ја бркаат лошата енергија и носат здравје и плодност.





Женска поворка

Женските обредни поворки (Лазарки, Ѓурѓовденки, Водичарки и др.) изведуваат обредно – насочени игри, со кои повикуваат среќа, дожд или бериќет. Овие игри најчесто ги изведуваат девојчиња кои пеат и играат во круг, облечени во свечени народни носии, носејќи цвеќиња. Нивните песни и движења имаат магиска функција – се верувало дека носат благослов и плодност за секоја куќа и заедницата.

Свадбен циклус

Свадбата во македонската традиција е проследена со обреден циклус што опфаќа ора, песни и богати обичаи. Ората се играат пред куќата, при пречек на гостите, при испраќање на невестата и сл. Овие ора носат желба за љубов, среќа и долг живот, а целиот обреден процес, со својата симболика, ја изразува вредноста на семејството и заедничката радост.



Истражи: Избери една од следниве игри и обичаи и истражи повеќе: кога се изведува, кој учествува, што се пее или игра и што симболизира. Подготви кратка презентација или креативна активност и сподели ја со останатите ученици:

- **Русалии** – таинствени обредни играчи кои носат мечови и преку ритуални движења штитат од болести и несреќи.
- **Џоломари** – маскирани мажи кои го прочистуваат селото од зло.
- **Лазарки** – девојчиња кои во неделата пред Велигден пеат и играат обредни песни, носејќи пораки за здравје, љубов и плодност.
- **Додолки** – група девојчиња кои повикуваат дожд и благослов за земјата.
- **Галичка свадба** – стар свадбен ритуал со строго определени обреди, носии и ора, кој ја претставува традицијата на свадбеното славење.

## ОРСКА НАРОДНА ТРАДИЦИЈА НА ДРУГИТЕ ЕТНИЧКИ ЗАЕДНИЦИ ВО МАКЕДОНИЈА

Во Македонија, освен македонската и другите заедници имаат богата орска традиција. Иако се различни по изглед, ритам и музика, ората кај сите заедници се важен дел од празнувањата и обредите. Тие ја претставуваат радоста, заедништвото и почитта кон традицијата.

### Соборски ора

Кај албанската заедница, познати се танците „valle popullore" – весели ора што се играат во круг или линија, со динамични чекори и весела музика. Кај турската заедница, често се игра „halay", оро во линија со брз ритам, како и „zeybek", кој е танц со херојски движења и силна симболика. Кај ромската заедница, ората се спонтани и богати со украси во движењата, често придружени со весела музика. Кај влашката заедница, кружниот танц е енергичен и брз и се игра во групи или парови. Кај српската заедница, „коло" е кружно оро слично на македонските соборски игри, а се игра на свадби и прослави. Кај босанската заедница, танците се играат во круг, често со спокоен ритам и песни со посебна емоција.
Сите овие соборски ора се поврзани со свадби, празници и јавни собири и служат за изразување на радост и заедништво.






### Обредни ора

И другите заедници имаат обредни игри и танци со магиска или верска функција.
Кај Албанците постојат пролетни обичаи каде девојки играат и пеат пред куќите, слично на македонските лазарки. Кај Турците и Ромите, празникот „Hıdırellez" е поврзан со доаѓањето на пролетта – тогаш се изведуваат танци со маски, обредни игри и песни за плодност и здравје. Кај Власите, свадбените и пролетните ора имаат симболика на премин од едно животно доба во друго. Кај Србите се играат обредни „кола" на свадби, празници и обреди за бериќет. Женските поворки, слично на лазарките и додолките, се играат и пеат за благосостојба. Кај Босанците, обредните песни и игри се дел од празници, и се играат во круг со заедничко пеење. Иако се различни, сите обредни ора служат за повикување плодност, среќа, заштита и се играат со посебна намера и верување.
И покрај разликите во музиката, облеката или чекорите, сите заедници имаат една заедничка карактеристика – кругот, раката како симбол на поврзаност, и чекорот како јазик што обединува. Преку ората, етничките заедници во нашата земја ја покажуваат својата култура, но и почитта едни кон други.





## *Секој со свој чекор-сите на исто оро!*

- Беровка-Ратевка – женско оро https://www.youtube.com/watch?v=KRQc3J0CbaY
- Тешкото – машко оро https://www.youtube.com/watch?v=Yq0bx552VkA
- Потрчано оро – мешано оро https://www.youtube.com/watch?v=0jxqcv7y6DE
- Жетварка – мешано оро https://www.youtube.com/watch?v=tKodoMSEACQ
- Ситна лиса – мешано оро https://www.youtube.com/watch?v=SEXHcMR4nYw
- Невестинско – женско оро https://www.youtube.com/watch?v=R2LKgHmrins
- Драчевка – мешано оро https://www.youtube.com/watch?v=EcoxEOOC9EA
- Тресеница – женско оро https://www.youtube.com/watch?v=0Vgr9-W38gw
- Седенка – мешано оро https://www.youtube.com/watch?v=u2-XNNiKcvo
- Малешевка – мешано оро https://www.youtube.com/watch?v=IcplnwOlopI
- Повардарие – мешано оро https://www.youtube.com/watch?v=Jrurur-IiMQ
- Пајдушко https://www.youtube.com/watch?v=2TdnPiavpJ8
- Valle e kombinuar /Мешано оро https://www.youtube.com/watch?v=W7UG8MQkWWA
- Vallja Nuseve/Невестинско оро – женско оро https://www.youtube.com/watch?v=tAem5-JLkSM
- Vallja: Prej Tetove në Dibër https://www.youtube.com/watch?v=KesYQP0CLIM
- Shota/Шота – мешано оро https://www.youtube.com/watch?v=_GdvEYflR0k
- Gajde/Гајдарско – машко оро
- Valle dyshe Dibrane/ Дебарско оро двојка – машко оро https://www.youtube.com/watch?v=1TX9l8gdwi4&t=110s
- Semazen/ Семазен (обредно) https://www.youtube.com/watch?v=GNgzioOQx8c
- Храбар војнички танц https://www.youtube.com/watch?v=v4twNZMI-sg
- Pembe Pembe/Розево Розево
- Свекрвино коло https://www.youtube.com/watch?v=JCT5ndFHHcs
- Чачак-коло – мешано оро https://www.youtube.com/watch?v=eisq2319P7U
- Ужичко-коло – мешано https://www.youtube.com/watch?v=cpZotJKOmbw
- Чочек https://www.youtube.com/watch?v=eaB64f2hIyc
- Романо оро/Ромско оро https://www.youtube.com/watch?v=fP9FYpp6p6s
- Ромски игри https://www.youtube.com/watch?v=hBL4zm_pwuo
- Anterija kolo – мешано оро https://www.youtube.com/watch?v=fghEEN0qLcI
- Градски игри од Сараево https://www.youtube.com/watch?v=Nat_sqjKvHg
- Влашки игри https://www.youtube.com/watch?v=MUH0zMxrhZs
- Авдушка обработка Исмет Алајбеговиќ -Шербо – мешано оро (аудио) https://www.youtube.com/watch?v=AdqsP06LNIc

## *ФОЛКЛОРНИ ТАНЦИ НИЗ СВЕТОТ*

Фолклорните танци се важен дел од културното наследство на секој народ. Преку нив се изразуваат традиции, верувања, ритуали, секојдневни навики и празнични обичаи. Секој регион во светот има свои уникатни фолклорни игри кои го одразуваат менталитетот, начинот на живот, климатските услови, историјата и музиката на народот. Некои танци се бавни и достоинствени, други се брзи и динамични, некои се изведуваат во круг, други во парови или во редици. Токму затоа, запознавањето со фолклорот на различни земји нè учи да ја почитуваме културната различност и да забележиме сличности и разлики со нашата традиција.


Кина


Перу


Шкотска

Активност за учениците:

При проследување на видеопримерите од фолклорни танци од различни земји, обидете се да дискутирате на следните прашања: Какви се движењата во танцот – бавни или брзи? Во каква форма се танцува – во круг, во редица, во парови? Каква е облеката – кои бои, материјали и украси се користат? Кој дел од телото најмногу се користи во движењата – нозе, раце, целото тело? На што ве потсетува танцот? Има ли сличности со македонските ора?

### Танцувачка прошетка низ светот

Кина –танци од Хан династија https://www.youtube.com/watch?v=b0EjYt7KtMY

Германија https://www.youtube.com/watch?v=-3yJfkgjG1Y

Украина – танци од различни региони https://www.youtube.com/watch?v=AOgdrrzOi1A

Русија – ансамбл Березка https://www.youtube.com/watch?v=DYhcgTBTcJc

Америка – американски фолклорни игри https://www.youtube.com/watch?v=j53YsKCSXps

Грузија https://www.youtube.com/watch?v=d84JojWYolY

Перу – „Валича“ https://www.youtube.com/watch?v=FCW9RSHmc0I

Франција – „Мостот на Аленцон“ https://www.youtube.com/watch?v=GJGfDvZMHTo Словачка – „Паршовиански чардаш“ https://www.youtube.com/watch?v=F4T8zhOeeg4

Шкотска – „Стратспеј и тилот“ https://www.youtube.com/watch?v=Be59_bdC-6w Бразил – „Маракату“, https://www.youtube.com/watch?v=0Of1pKfcnjE


Словачка


Бразил


Русија

## РАБОТЕН ЛИСТ - ОРСКА НАРОДНА ТРАДИЦИЈА

**1.** Заокружи го точниот одговор:

Во кој правец е најчестото движење во македонските ора?

а) од десно кон лево  б) од лево кон десно  в) во место

Што е "ороводец"?

а) вториот во орото  б) оној што го води орото  в) последниот во орото

Каква е најчестата форма на македонското оро?

а) во парови  б) змијовидна  в) полукружна (отворен круг)

**2.** Кратки одговори:

Зошто танцот е важен за културата на еден народ?

---------------------------------------------------------------------------------

Кои се разликите помеѓу соборски и обредни ора?

---------------------------------------------------------------------------------

Како преку орото се пренесуваат вредности и традиции?

---------------------------------------------------------------------------------

**3.** Истражувачка задача:

Избери едно македонско соборско оро или оро на другите народи во нашата држава и истражи: Од кој регион потекнува? Каков е ритамот и темпото? Какви се движењата и држењето? На какви настани се игра?

Напиши краток опис (5–7 реченици) и подготви усна презентација или постер.

**4.** Дискусија во група:

Зошто е важно да се зачува орската традиција?

Дали мислиш дека младите денес се заинтересирани за народни ора? Образложи!

Дали орото е само традиција или може да биде и современа уметност?

**5.** Креативна задача:

Замисли дека треба да создадеш ново современо оро кое комбинира традиционални и модерни елементи.

Опиши: Каква музика ќе користиш? Какви движења и форма ќе има? Каква порака ќе пренесува?

Прилог
# **Музиката нè обединува**
(изведбени активности)

# Banaha

(тригласен канон)

*-по ноти*

*песна од Конго*




*(превод)*
Под ананасово дрво,
Јаку стави банана
во црвената капа
на својата тетка

***Различни изведби на песната:***

https://youtu.be/E9t0nGVeZy4?si=me1z82UqTLBqUMuA

https://www.youtube.com/watch?v=nJh2bpkSDg4

https://www.youtube.com/watch?v=BjqzxkKvK_0
(караоке)

# Cielito lindo

(Мила моја)

*-по слух*

*песна од Мексико*




*(превод)*

Од Сиера Морена,
мила моја, некој доаѓа
две црни очи,
мила моја, тајно и скришно.

Ај, ај, ај, ај,
пеј и не тагувај,
со песна се развеселуваат,
мила моја, срцата.

***Различни изведби на песната:***

https://youtu.be/OHeHOb3E-2g?si=7uvdSC95WY52Zrv-

https://www.youtube.com/watch?v=PcDMKlAuKDI

https://www.youtube.com/watch?v=abBi90_cC3w
(караоке)

# Over the rainbow

(Над виножитото)

*-по ноти*

Х. Арлен




*(превод)*

Некаде над виножитото, високо горе,
постои земја за која сум слушнал во приспивна песна.
Некаде над виножитото небото е сино,
и соништата кои се осмелуваш да ги сонуваш
навистина се остваруваат.

Еден ден ќе посакам ѕвезда,
и ќе се разбудам таму каде што облаците
се далеку зад мене.
Каде што грижите се топат како капки лимонада,
далеку над оџаците, таму ќе ме најдеш мене.

https://www.youtube.com/watch?v=ru12qNDQ4DU (караоке)

# Guantamanera

## (Девојката од Гуантанамо)

*-по слух*

*песна од Куба*




*(превод)*
Јас сум човек со срце отворено,
од земја каде што палми растат.
Со песна од душата искрена,
сакам на светот да запеам.

Гуантанамера,
девојка од Гуантанамо,
Гуантанамера,
девојка од Гуантанамо.

***Различни изведби на песната:***

https://www.youtube.com/watch?v=WEE5OOkcUUw

https://www.youtube.com/watch?v=9jaoXKpi7N4

https://www.youtube.com/watch?v=hrz-z9ghEZk

https://youtu.be/iTOPa2JaLpc?si=yYPCSOl2Z6M0S_-H

# O sole mio

(Сонце мое)

*- по слух*

Е. Капуа




*(превод)*
*Колку убав ден, сончев и светол, по*
*бура, тивка, небото се смири.*
*Воздухот пее, се буди надеж нова –*
*сончев е денот, срцето ми грее. Едно*
*сонце поубаво сјае –*
*тоа си ти, љубов моја!*
*Тоа сонце, моето сонце,*
*е пред мене, тоа си ти!*

https://www.youtube.com/watch?v=lw3c5d3aBSE

# Пиратите од Карибите

*(тема)*



# Небото над Париз





*избор на инструменти - според можностите и условите за работа

## Кога светците маршираат



# ЕДНА ЗЕМЈА - МНОГУ ПЕСНИ, МНОГУ ОРА

(Сплет од ороводни песни)

Убавото Стојне




Руса коса има мамо, од рамо на рамо.
Кажи, речи, речи, кажи, од рамо на рамо.

Рамна снага има мамо, како мрена риба.
Кажи, речи, речи, кажи, како мрена риба.

https://www.youtube.com/watch?v=_Ag0VoXYKNQ

**Moj Maro**

(Мој Маро)




Ku e ka Maro-a shtëpinë? Moj Maro, moj Mari.
O tek porta me llamarinë. Moj Maro, moj Mari.
Tek porta me llamarinë. Moj Maro, moj Mari.

Каде е куќата на Маро?Мој Маро, мој Мари.
Кај портата со ламарина. Мој Маро, мој Мари.
Кај портата со ламарина. Мој Маро, мој Мари.

https://www.youtube.com/watch?v=d3Hf8sk-0PM

https://www.youtube.com/watch?v=eVbB3bfMCmw

У ливади под јасеном

(Во ливадата под јасенот)




У ливади под јасеном, вода извире, вода извире.
У ливади под јасеном, хај, вода извире.
Ту се шета лепа Ката, воду захвата, воду захвата.
Ту се шета лепа Ката, хај, воду захвата.

Во ливадата под јасенот, вода извира, вода извира.
Во ливадата под јасенот, хај, извор извира.
Таму се шета убавата Ката, вода црпи, вода црпи.
Таму се шета убавата Ката, хај, вода црпи.

https://www.youtube.com/watch?v=zSH0RTMEJlo

https://www.youtube.com/watch?v=gIRhI0H4wQU

## Opa cupa

(Опа цупа)




Me sem chora chavaro, chelav rom majlacho,
dale mandale e chora man astaren.
Kas me astarav, me mande asav.
Samo jekh chaj ni mangel, voj manda nashel.
O opa cupa so te manda chaje muka,
Sho tav kamerel ako ni chele.
O opa cupa so te manda chaje muka,
Ti daj kamerel ako ni chele.

Јас сум сиромашно момче, убав Ром,
Судбината ми ги носи девојките.
кај и да шетам, сам останувам.
Една девојка не ме сака, таа не ме бара.
Опа цупа, зошто девојката ми носи маки?
Што ќе ми е љубов, ако не ме сака?
Опа цупа, зошто девојката ми носи маки?
И мајка ѝ ме сака, а таа не ме сака.

https://www.youtube.com/watch?v=n-kPv30Csvg

## Tren gelir hoş gelir

(Возот доаѓа, радост носи)




Tren gelir hoş gelir
Ley ley limi limi ley
Odaları boş gelir
Limi limi güzel gel bize
Duydum yar bize gelmiş
Ley ley limi limi ley
Sefa gelmiş hoş gelmiş
Limi limi güzel gel bize

Возот доаѓа, радост носи
Леј, леј, лими лими леј
Собите се празнат
Лими лими, дојди ни убаво ти
Чув дека љубениот кај нас пристигнал
Леј, леј, лимилими леј
Со веселба дошол, добро ни дошол
Лимилими, дојди ни убаво ти

*https://www.youtube.com/watch?v=WbWeLnYetDo*

## Featã mushatã featã

(Убаво девојче)




Featã mu, more, feata featã
mushata ca soarle,
tsi fitsesh gionle tseaveai!

Oј девојче убаво, бре девојче убаво,
убаво девојче како сонцето,
што стори со либето твое!

## Crven fesić

(Црвено фесче)




Crven fesić nano crven fesić, oj, nanice.
Crven fesić u dragoga oj, nano nanice.

Црвено фесче нано, црвено фесче, oј, нанице.
Црвено фесче носи драгиот, oј, нано, нанице.

https://www.youtube.com/watch?v=h2T-zLIUpIQ

## Oј девојче, ран ден мој




Oј девојче ран ден мој, ран ден мој
кој ти купи фустан твој, фустан твој?
– Ми ги купи татко твој, татко твој,
сака да ми биде свекор мој, свекор мој.

- Oј девојче ран ден мој, ран ден мој
кој ти купи гердан твој, ѓердан твој?
- Ми го купи братот твој, братот твој,
сака да ми биде девер мој, девер мој.

- Oј девојче, галено, галено
не кревај се на големо, големо.
Oј девојче, галено, галено
не кревај се на големо, големо.

https://www.youtube.com/watch?v=j8FYHdWS6OU

